
За одбележувањата на други годишнини на значајни настани и истакнати личности во согласност со критериумите од членовите 2 и 3 на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија, како и за одбележување на меѓународни денови и денови што се одбележуваат секоја година ќе се грижат надлежните органи на државната управа, културно-образовните и научните институции, јавните претпријатија, локалната самоуправа и други организации и здруженија.

Член 8

Финансиските средства за реализација на обврските што произлегуваат од оваа програма, согласно со членот 7 од Одлуката за одбележување јубилејни годиш-

нини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, и тоа за:

- значајни настани од државно-правен континуитет и истакнати личности во Буџетот на Собранието на Република Македонија и Буџетот на Владата на Република Македонија;
- значајни настани и истакнати личности чии носители се државни органи, институции и друго преку буџетот на ресорното министерство соодветно на дејноста и
- значајни настани и истакнати личности чии носители се општините преку буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Член 9

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5120/1 Претседател
24 ноември 2008 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**3021.**

Врз основа на член 131 став 2 од Уставот на Република Македонија, по повод утврдувањето на Нацртот на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 ноември 2008 година, ги донесе следниве

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Нацртот на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија трае десет дена од денот на објавувањето на овие заклучоци во „Службен весник на Република Македонија".
2. Нацртот на амандманот XXXI на Уставот заедно со овие заклучоци, ќе се објави во сите дневни весници во Република Македонија.
3. Граѓаните, политичките партии, здруженијата на граѓани, органите и организациите, како и другите учесници во јавната дискусија, своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманот XXXI на Уставот, непосредно да ги упатуваат до предлагачот - Владата на Република Македонија.
4. Предлагачот - Владата на Република Македонија, да ја организира, следи и сумира јавната дискусија и најдоцна во рок од пет дена по денот на завршувањето на јавната дискусија, на Собранието да му достави извештај за резултатите од јавната дискусија и текст на предлогот на амандманот.
5. Овие заклучоци да се достават до Владата на Република Македонија.
6. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4667/7 Претседател
24 ноември 2008 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3022.**

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2007), се направени грешки поради што се даваат следниве:

## И С П Р А В К И НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

1. Во членот 4 став (1) точка 6 наместо бројот „610 С" треба да стои „61$^0$С";
2. Во членот 5 став (3) наместо бројот „500 С" треба да стои „50$^0$С" и наместо бројот „200 С" треба да стои „20$^0$С";
3. Во членот 5 став (4) наместо бројот „500 С" треба да стои „50$^0$С" и наместо бројот „610 С" треба да стои „61$^0$С";
4. Во членот 35 став (1) наместо бројот „610 С" треба да стои „61$^0$С" и
5. Во членот 65 став (1) наместо бројот „610 С" треба да стои „61$^0$С".

Бр. 07-4897/2 Од Законодавно-правната комисија
24 ноември 2008 година на Собранието на Република
Скопје Македонија

**3023.**

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2008), е направена грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во членот 1 став 3 наместо зборовите: алинејата 12", треба да стојат зборовите: „алинејата 11".

Бр. 10-5056/4 Од Законодавно-правната комисија
24 ноември 2008 година на Собранието на Република
Скопје Македонија

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3024.**

**УКАЗ БР. 51**
**од 25 ноември 2008 година**

Врз основа на член 18, став 1 точка 12 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2001, 5/2003 и 58/2006)

**СЕ ПОСТАВУВА**
**За одбранбено аташе во Берлин, Сојузна Република Германија**

**потполковник Попоски Здраве Милчо**

ФЧ: потполковник, по систематизација полковник, лична ВЕС: 31839 ЕМБГ: 2007962450131

До сега: Началник на Г-6 Телекомуникации, КЗ и информатика во Здружената оперативна команда, во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши на 1.12.2008 година.

Бр. 07-1023 Претседател
25 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3025.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2008) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ОТУЃУВАЊЕ, ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП И КРАТКОТРАЕН ЗАКУП, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ, ПО ПАТ НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ И СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА, ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕТО И ДАВАЊЕТО ПОД ЗАКУП, КАКО И ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО И НА ЗАКУПНИНАТА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат начинот и постапката на отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со јавно наддавање, по пат на прибирање понуди и со непосредна спогодба и се утврдуваат висината на трошоците на постапката за отуѓувањето и давањето под закуп, како и висината на цената на земјиштето и на закупнината.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ОТУЃУВАЊЕ

Член 2

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија, согласно Законот за градежно земјиште и оваа уредба, се отуѓува со јавно наддавање, по пат на прибирање на понуди и со непосредна спогодба.

### 1. Отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање

Член 3

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија (во понатамошниот текст: „градежно земјиште“) се отуѓува со јавно наддавање, со објава од страна на Министерството за транспорт и врски во најмалку два печатени медиуми за јавно информирање.

Доколку Република Македонија е сопственик на повеќе од 50% од вкупната површина на градежната парцела, земјиштето сопственост на Република Македонија може да биде предмет на отуѓување со јавно наддавање, при што објавата содржи обврска идниот купувач решавањето на имотно правните односи за останатата површина од градежната парцела сопственост на други лица, да ги уреди со останатите сопственици на земјиштето согласно закон.

Во случаите од став 2 на овој член, пред отпочнување на постапката за јавно наддавање, надлежниот орган ќе спроведе постапка со која со подавка преку нотар ќе го понуди својот дел на другите сосопственици, а постапката за јавно наддавање ќе отпочне доколку другите сосопственици не се заинтересирани за купување на земјиштето кое е предмет на понудата.

За градежното земјиште од став 1 на овој член кое е предмет на објавата, можат да пријават учество сите заинтересирани домашни физички и правни лица и странски физички и правни лица, согласно закон.

Објавата особено ги содржи следните податоци:

- податоци за градежното земјиште кое е предмет на отуѓување;
- почетна цена по метар квадратен за земјиштето кое е предмет на отуѓување
- рок за поднесување и начин на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- депозит за учество на јавното надавање кој изнесува 10% од вкупната почетна продажна цена и сметка на која се уплатува депозитот;
- начин и постапка за спроведување на наддавањето;
- место и време на одржувањето на јавното наддавање и
- обврски за најповолниот понудувач.

Објавата од став 1 на овој член може да содржи и дополнителни посебни услови кои треба да ги исполнуваат физичките и правните лица кои ќе се пријават за учество на јавното наддавање. Посебните услови ги утврдува Комисијата од член 4 на оваа уредба, на предлог на министерот за транспорт и врски.

Поднесувањето на пријавата за учество на јавното наддавање не може да биде пократко од 5 дена ниту подолго од 60 дена од објавување на објавата од став 1 на овој член и тоа:

а. за земјиште со намена индивидуално домување, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 5 дена ниту подолг од 15 дена;

б. за земјиште со намена колективно домување, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 40 дена;

в. за земјиште со намена комерцијални и деловни објекти, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 20 дена ниту подолг од 60 дена;

г. за земјиште со намена стопански и производни објекти, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 20 дена ниту подолг од 60 дена;

д. за земјиште со намена објекти на јавни институции, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 40 дена;

ѓ. за земјиште со намена објекти за спорт и рекреација, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 40 дена; и

е. за земјиште со намена инфраструктурни објекти, рокот од објавување на објавата до денот на поднесување на пријави, не може да биде пократок од 10 дена ниту подолг од 30 дена.

Исправка на објавата може да се врши најдоцна до последниот ден за поднесување на пријави за учество на јавното наддавање и истата се објавува во медиумите во кои е објавена и објавата. Доколку до моментот на исправката се пријавиле лица за учество за јавно наддавање, истите Комисијата ги известува за исправката и тоа писмено и усно.

Учеството на јавното наддавање заинтересираните правни и физички лица го потврдуваат со поднесување на писмена пријава за учество на јавно наддавање, во која се наведени податоците за која градежна парцела се однесува пријавата, за подносителот на пријавата, како и за трансакциона или жиро сметка на која ќе биде вратен депозитот за учество на јавното наддавање.

Доколку предмет на објавата се повеќе градежни парцели, а учесникот е заинтересиран за повеќе од една градежна парцела, се поднесува поединачна пријава за секоја градежна парцела за која уплатува и посебен депозит.

## Член 4

Постапката за јавно наддавање ја спроведува Комисија за спроведување на постапките за јавно наддавање, формирана од министерот за транспорт и врски (во понатамошниот текст „министерот"), составена од најмалку три а најмногу петнаесет лица, во зависност од видот и значењето на објектите кои ќе се градат на земјиштето кое е предмет на јавното наддавање. Членовите на комисијата се од Министерство за транспорт и врски, а во одредени случаи како членови во работата на Комисијата може да бидат вклучени и лица од други државни органи и институции или експерти во одредена област од државните универзитети.

За секоја спроведена постапка за јавно наддавање, Комисијата изготвува извештај и истиот потпишан од членовите на Комисијата се доставува до министерот.

Од објавувањето на објавата па се до моментот пред соопштувањето на почетната цена за земјиштето, Комисијата со заклучок може да ја запре постапката за јавно наддавање, доколку се стекнат докази кои би го оневозможиле отуѓувањето на земјиштето,

Донесениот заклучок е основ за поништување на објавата. Доколку објавата се поништи пред истекот на крајниот рок за доставување на пријавите за учество, Комисијата го објавува заклучокот во истите медиуми во кои е објавена самата објава.

Член 5

Комисијата од член 4 на оваа уредба по приемот на пријавите од заинтересираните лица утврдува дали пријавите се доставени во определениот рок и дали истите се комплетирани во согласност со условите од објавата.

Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите на денот на јавното наддавање, а истото се констатира во записникот од јавното наддавање.

Член 6

На јавното наддавање учествуваат подносителите на пријави кои доставиле комплетна документација или нивните овластени полномошници, односно застапници.

Пријавата за учество на јавното наддавање треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за јавно наддавање, на начин и во форма како што е предвидено во самата објава.

Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавиле најмалку двајца учесници кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

По исклучок од став 3 на овој член, кога објавата содржи посебни дополнителни услови кои треба да ги исполнуваат физичките и правните лица кои ќе се пријават на јавно наддавање за градби од прва, втора и трета категорија согласно закон, јавното наддавање ќе се одржи и кога по објавата се пријавил само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата за јавно наддавање и кој ќе понуди најмалку едно поединечно наддавање (во висина утврдена во објавата), од почетната цена на јавното наддавање.

Јавното наддавање се одржува на објавеното место и време со утврдување и објавување на присутните подносители на пријави за наддавањето.

Член 7

Депозитот за учество на јавно наддавање им се враќа на подносителите на пријавите, намален за процентот одреден за трошоците на постапката и тоа:

-на подносителите на пријавите кои ќе се откажат од учество на јавното наддавање пред почетокот на јавното надавање и

-на учесниците кои во текот на јавното наддавање не понудиле најповолна цена по метар квадратен за земјиштето кое е предмет на објавата.

Депозитот за учество на јавно наддавање им се враќа на подносителите на пријавите во целост во следните случаи:

-кога согласно условите од објавата нема да се пријават доволен број на учесници за предметот на јавната објава, заради што не е одржано јавното наддавање;

-кога јавното наддавање не е одржано, а неодржувањето не е по вина на подносителите на пријавите за учество на јавно наддавање и

-на подносителите на пријавите за учество на јавното наддавање, за кои се утврдило дека не ги исполнуваат условите од објавата и не им е дозволено да учествуваат на јавното наддавање.

Член 8

Јавното наддавање во определениот ден и време започнува со објавување на почетната цена на земјиштето кое е предмет на објавата по метар квадратен, а се спроведува по пат на поединечно и постапно наддавање од страна на учесниците во наддавањето.

За успешно спроведена постапка на јавно наддавање, потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена по метар квадратен.

Член 9

За најповолен понудувач по метар квадратен се смета понудувачот кој ја понудил последната понудена цена по метар квадратен, усно повторена по трет пат од страна на Комисијата од член 4 на оваа уредба, која претставува цена за отуѓување на земјиштето.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање, од кој примерок се дава на сите учесници на јавното наддавање.

Комисијата со писмено известие го потврдува најповолниот понудувач и рокот за пристапување кон склучување на договорот.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известие кое се издава по завршувањето на јавното наддавање, ги уплатува средствата од став 1 на овој член, при што во средставата се пресметува и уплатениот депозит, намален за процентот одреден за трошоците на постапката.

На учесникот во јавното наддавање кој понудил највисока цена, а во определениот рок од 15 дена не ги уплатил средствата од став 4 на овој член, депозитот не му се враќа и нема да се пристапи кон склучување на договор, а градежното земјиште ќе се смета дека не е отуѓено.

Член 10

За текот на јавното наддавање учесниците имаат право на приговор во рок од три дена по јавното наддавање. Приговорот се поднесува во писмена форма, до Министерството за транспорт и врски.

По приговорот одлучува со решение министерот.

Член 11

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со понудувачот чија понуда е прифатена како најповолна, министерот во рок од пет работни дена по извршената уплата на цената на земјиштето, склучува договор за отуѓување на градежно земјиште.

На договорот од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

**2. Отуѓување на градежно земјиште по пат на прибирање на понуди**

Член 12

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи и по пат на прибирање на понуди.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија се отуѓува по пат на прибирање на понуди со објавување на јавен повик од страна на Министерството за транспорт и врски.

Јавниот повик се објавува во најмалку два печатени медиуми за јавно информирање.

На јавниот повик од став 1 на овој член можат да земат учество домашни физички и правни лица како и странски физички и правни лица согласно закон.

Член 13

Јавниот повик особено содржи:

- податоци за градежното земјиште кое е предмет на отуѓување;
- рок за поднесување и начин на поднесување на понудите;
- услови за учество на јавниот повик за домашните и странските физички и правни лица;
- најниска цена за отуѓување на градежното земјиште;
- депозит за учество, кој изнесува 10% од вкупната најниска продажна цена и сметка на која се уплатува депозитот;
- начин и постапка за спроведување на отварањето на понудите;
- место и време на отварањето на понудите;
- обврски за најповолниот понудувач;
- посебни услови кои ги утврдува Комисијата за спроведување на постапката по пат на прибирање на понуди, на предлог на министерот;
- рокот за подигање и доставување на насоки и упатства за изготвување на идеен проект за спроведување на изградба на објект и
- критериуми за оценување на понудите.

Член 14

Постапката за прибирање на понуди ј а спроведува Комисија за спроведување на постапки по пат на прибирање на понуди, формирана од министерот.

Комисијата е составена од најмалку три а најмногу седум лица, во зависност од видот и значењето на објектите кои ќе се градат на земјиштето кое е предмет на постапките по пат на прибирање на понуди. Членовите на Комисијата се од Министерство за транспорт и врски, а во одредени случаи како членови во работата на Комисијата може да бидат вклучени и лица од други државни органи и институции или експерти во одредена област од државните универзитети.

За секоја спроведена постапка, Комисијата изготвува извештај и истиот потпишан од членовите на Комисијата се доставува до министерот.

Од објавувањето на јавниот повик па се до крајниот рок за поднесување на понудите, Комисијата со заклучок може да ја запре постапката, доколку се стекнат докази кои би го оневозможиле отуѓувањето на земјиштето. Донесениот заклучок е основ за поништување на објавата. Доколку објавата се поништи пред истекот на крајниот рок за доставување на пријавите за учество, Комисијата е должна да го објави заклучокот во истите медиуми во кои е објавена самата објава.

Член 15

Заинтересираните правни и физички лица треба да подигат насоки и упатства за изготвување на предлог идеен проект за спроведување на изградба на објект според посебните услови за градба на предметното градежно земјиште.

Понудата за учество на јавниот повик се доставува во затворен плик со назнака за бројот за јавниот повик.

Понудата за учество на јавниот повик треба да ги содржи податоците за понудувачот, фотокопија од лична карта за физичките лица или решение за регистрација на правното лице од Централен Регистар на Република Македонија, за трансакциона или жиро сметка на која ќе биде вратен депозитот за учество, за која градежна парцела се однесува понудата, како и понудена цена по метар квадратен за земјиштето кое е предмет на отуѓување, доказите за исполнување на посебните услови предвидени со јавниот повик, како и предлог идеен проект за спроведување на изградба на објект според насоките и упатства кои се составен дел на јавниот повик.

Роковите за подигање на насоките и упатства за изготвување на предлог идеен проект за спроведување на изградба на објект, како и рокот за доставување на понудата се определуваат со јавниот повик.

Отворањето на понудите се врши на денот закажан во јавниот повик во присуство на сите подносители на понудите при што се евидентираат сите докази доставени со понудите, се составува записник кој го потпишуваат сите учесници на јавниот повик.

Комисијата од член 14 на оваа уредба во рок од 30 дена ги разгледува доставените понуди, ги оценува доставените идејни проекти за спроведување на изградба на објект изработени според дадените насоките и упатства, ги оценува приложените докази и врши избор на најповолен понудувач, за што изготвува извештај и истиот го доставува до министерот.

Комисијата врши оценување на доставените идејни проекти за спроведување на изградба на објект врз основа на критериуми содржани во јавниот повик.

Комисијата писмено ги известува сите учесници на јавниот повик за извршениот избор.

Член 16

За постапката за избор на најповолен понудувач учесниците имаат право на приговор во рок од три дена по приемот на известието за избор на најповолен понудувач.

Приговорот се поднесува во писмена форма, до Министерството за транспорт и врски.

По приговорот одлучува со решение министерот.

Член 17

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известие врши уплата на средствата кои ги понудил во понудата која ја доставил, при што во средставата се пресметува и уплатениот депозит, намален за процентот одреден за трошоците на постапката.

Доколку најповолниот понудувач во определениот рок од петнаесет дена не ги уплатил паричните средства, нема да се пристапи кон склучување на договор, градежното земјиште ќе се смета дека не е отуѓено и депозитот не му се враќа.

Член 18

Подносителите на понудите кои нема да присуствуваат на денот на отварањето на понудите, ќе се смета дека се откажале од учество во понатамошната постапка и нивните понуди нема да се отвораат.

Член 19

Депозитот за учество на јавниот повик им се враќа на понудувачите кои не се избрани, намален за процентот одреден за трошоците на постапката во износ од 10%.

Депозитот за учество на јавниот повик им се враќа на подносителите на пријавите во целост кога изборот на најповолен понудувач не е одржан, а неодржувањето не е по вина на понудувачите како и на понудувачите кои се откажале од учество во постапката.

Член 20

По завршувањето на постапката за избор на најповолен понудувач, со понудувачот чија понуда е прифатена како најповолна, министерот во рок од пет работни дена по извршената уплата на цената на земјиштето, склучува договор за отуѓување на градежно земјиште.

На договорот од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

Член 21

Постапката за отуѓување на градежно земјиште по пат на прибирање на понуди ќе се спроведе и доколку е поднесена една понуда која ги исполнува потребните услови.

**3. Отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба**

Член 22

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија се отуѓува со непосредна спогодба во случаите утврдени во член 14 став 2 од Законот за градежно земјиште.

Член 23

Градежното земјиште може да се отуѓи со непосредна спогодба кога на првото и на второто јавно наддавање не се јавиле заинтересираните лица, а подносителот на предлогот за отуѓување со непосредна спогодба потребно е да поднесе предлог со конкретни податоци за градежната парцела на која се однесува барањето и инвестициона програма со конкретни рокови за изградба на предвидениот објект, со вредност на инвестицијата. За предлогот за отуѓување на земјиштето со непосредно спогодба согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 24

Во случај кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба за потреби на верските заедници за изградба на верски објекти предвидени со урбанистички планови, барателот е потребно да поднесе барање со следните докази:

- извод од урбанистички план со дефинирана градежна парцела;
- геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела;
- имотен или поседовен лист за градежното земјиште сопственост на Република Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена;
- уверение за редослед на извршените промени во катастарската евиденција за предметното градежно земјиште сопственост на Република Македонија за периодот од кога е востановен катастар на земјиште во катастарската општина, со идентификација на катастарска парцела и катастарска општина и
- доказ за регистрација на верската заедница согласно закон.

Член 25

Во случај кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба за потребите на дипломатско-конзуларните преставништва за изградба на дипломатско-конзуларни објекти, потребно е барателот да поднесе барање со следните докази:

- извод од урбанистички план со дефинирана градежна парцела;
- геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела;
- имотен или поседовен лист за градежното земјиште сопственост на Република Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена;
- уверение за редослед на извршените промени во катастарската евиденција за предметното градежното земјиште сопственост на Република Македонија за периодот од кога е востановен катастар на земјиште во катастарската општина, со идентификација на катастарска парцела и катастарска општина и
- мислење од Министерството за надворешни работи.

Член 26

Во случај кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план а лицето има во сопственост повеке од 30% од градежната парцела и ако со планот на таа градежна парцела не се предвидува изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон, барателот поднесува барање со следните докази:

- извод од урбанистички план со дефинирана градежна парцела;
- геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела;
- имотен или поседовен лист кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена, со запишано право на сопственост на подносителот на барањето, за градежното земјиште кое претставува над 30% од градежната парцела;
- имотен или поседовен лист за градежното земјиште сопственост на Република Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена;
- уверение за редослед на извршените промени во катастарската евиденција за предметното градежното земјиште сопственост на Република Македонија за периодот од кога е востановен катастар на земјиште во катастарската општина, со идентификација на катастарска парцела и катастарска општина и
- доказ за регистрација од Централен Регистар на Република Македонија ако подносител на барањето е правно лице односно фотокопие од лична карта ако подносител на барањето е физичко лице.

Член 27

Кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба на другите сопственици на градежно земјиште во случај на имотна зедница на сосопственост во која Република Македонија е еден од сопствениците и произлегува како обврска од договорот за уредување на односите меѓу сосопствениците на градежно земјиште, потребно е барателите да поднесат предлог комплетиран со следните докази:

- извод од урбанистички план со јасно дефинирана градежна парцела, односно Урбанистички проект согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела;
- имотен или поседовен лист кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена, со запишано право на сопственост на подносителот на барањето, за градежното земјиште кое претставува над 30% од градежната парцела;
- имотен или поседовен лист за градежното земјиште сопственост на Република Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена;
- уверение за редослед на извршените промени во катастарската евиденција за предметното градежното земјиште сопственост на Република Македонија;
- договор за уредување на односите меѓу сосопствениците на градежното земјиште и
- доказ за регистрација од Централен Регистар на Република Македонија ако подносител на барањето е правно лице односно фотокопие од лична карта ако подносител на барањето е физичко лице.

Член 28

Во случај кога градежното земјиште се отуѓува со непосредна спогодба на другите сопственици на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација и еведентирани во јавната книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на правото на користење на градежно земјиште потребно е барателите да поднесат барање со следните докази:

- извод од урбанистички план со дефинирана градежна парцела, односно Урбанистички проект согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела;
- *имотен или поседовен лист кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена*, со запишано право на сопственост на подносителот на барањето;
- имотен или поседовен лист за градежното земјиште сопственост на Република Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена;
- уверение за редослед на извршените промени во катастарската евиденција за предметното градежното земјиште сопственост на Република Македонија за периодот од кога е востановен катастар на земјиште во катастарската општина, со идентификација на катастарска парцела и катастарска општина и
- доказ за регистрација од Централен Регистар на Република Македонија ако подносител на барањето е правно лице односно фотокопие од лична карта ако подносител на барањето е физичко лице.

Член 29

Сопствениците на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно-техничка документација на градежно земјиште на кое имаат засновано право на долготраен закуп, доколку објектите се изградени согласно урбанистички план и доколку ја имаат исплатено закупнината за тековната година и другите давачки кои произлегуваат од договорот за долготраен закуп имаат право да бараат да им се отуѓи градежното земјиште со непосредна спогодба. Закупнините кои се платени до денот на поднесувањето на барањето не се пресметуваат во цената за отуѓување на земјиштето. Барателите поднесуваат барање со следните докази:

- договор за засновање на правото на долготраен закуп;
- имотен лист или поседовен лист за земјиштето сопственост на Република Македонија, во кои е внесено прибележување за засновано право на долготраен закуп;
- имотен лист за објектот кој е изграден на градежното земјиште и
- доказ за платена закупнина до моментот на поднесување на барањето.

Член 30

Правото на сопственост на градежното земјиште отуѓено согласно член 22 на оваа уредба се стекнува со склучување на договор за отуѓување на градежно земјиште на барање на заинтересираната страна и запишување на правото во јавната книга на недвижностите.

## III. ДОГОВОР ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 31

Договорот од член 11, член 20 и член 30 на оваа Уредба, се склучува во писмена форма и особено содржи:

1. Страни на договорот;
2. Предмет на договорот:
   - начин на отуѓување;
   - конкретни податоци за предметното земјиште и
   - основ на отуѓување на градежното земјиште
3. Висина на цената и рок на плаќање;
4. Обврска на купувачот за плаќање на данокот на промет и нотарските трошоци и
5. Утврдување на рокот за изградба на објектот предвиден за изградба согласно урбанистичкиот план, кога предмет на продажба е неизградено градежно земјиште.

Член 32

По склучувањето на договорот, купувачот во рок од 15 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

Во рок од 6 месеци од извршената солемнизација на договорот, купувачот на градежното земјиште прибавува одобрение за изградба на предвидениот објект од надлежната општина.

Обврската од став 2 на овој член не се однесува на договорите за отуѓување на градежно земјиште склучени согласно член 26, член 27, член 28 и член 29 на оваа уредба, односно во случаите кога се продава градежно изградено земјиште.

Во случај на неисполнување на обврските согласно став 1 и 2 од овој член, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот.

Член 33

На договорот за отуѓување на градежно земјиште може да се вршат измени и дополнувања со склучување на анекс на договорот согласно закон.

Анекс на договор се склучува врз основа на барање на една од договорните страни. Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето за склучување на анекс на договор склучува анекс на договор или го одбива барањето за склучување на анекс на договор ако за тоа не се исполнети условите од оваа уредба. Доколку Министерството го одбие барањето за склучување на анекс на договор, истото ја известува другата договорна страна.

Измени и дополнувања на договорот можат да се вршат поради следните причини:

1. ако се настанати промени на предметот на договорот како последица на измена на урбанистичкиот план, но не поради промена на намената и површината за градење, за која е отуѓено градежното земјиште;
2. поради отстранување на нови настанати околности (промена на број на катастарска парцела или промена на катастарска општина на земјиштето) во периодот од денот на склучување на договорот до денот на запишување на договорот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите;
3. заради отстранување на грешки во податоците за описот на земјиштето кое е отуѓено.

До склучување на анекс на договорот од став 1 на овој член може да дојде по претходно прибавено позитивно мислење од Државното Правобранителство на Република Македонија.

## IV. ВИСИНА НА ЦЕНАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 34

Цените за отуѓување на градежно земјиште се утврдени во Табеларниот преглед за висината на цените за отуѓување на градежно земјиште, кој е составен дел на оваа Уредба (во понатамошниот текст: Табеларен преглед).

Во Табеларниот преглед од став 1 на овој член се дадени цените за отуѓување на градежното земјиште, поделено по реони и зони на општините и населените места за утврдени намени, за секоја од општините во Република Македонија.

Цените на градежното земјиште во Табеларниот прегледот се почетни минимални цени по кои се отуѓува градежното земиште по пат на јавно наддавање, односно се цени по кои се отуѓува градежното земјиште по пат на непосредна спогодба.

По исклучок од став 1 на овој член, цената на градежното земјиште што се отуѓува по пат на непосредна спогодба за изградба на објекти на дипломатски конзуларни претставништва, не може да биде пониска од пазарната цена на земјиштето утврдена од Управата за јавни приходи, по метар квадратен градежно земјиште, доколку поинаку не е регулирано со меѓудржавен договор.

Во однос на примената на цените утврдени во Табеларниот преглед кој е составен дел на уредбата, во случај кога на една градежна парцела со урбанистики план се предвидени две или повеќе намени компатибилни со основната намена утврдена со Урбанистички план, тогаш цената се формира така што во крајната цена по метар квадратен, основната намена се пресметува во износ од 70% а компатабилната намена изнесува 30% од цената за отуѓување или давање под закуп.

## V. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП

Член 35

Давањето на градежното земјиште сопственост на Република Македонија под долготраен закуп може да се врши со јавно наддавање, по пат на прибирање на понуди и со непосредна спогодба и може да трае најмногу 99 години.

**1. Давање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

Член 36

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија се дава под долготраен закуп по пат на јавно наддавање со објава од страна на Министерството за транспорт и врски во најмалку два печатени медиуми за јавно информирање. На објавата можат да пријават учество сите домашни физички и правни лица и странски физички и правни лица под услови утврдени со закон.

Објавата особено содржи:

- податоци за градежното земјиште кое се дава под долготраен закуп;
- почетна цена по метар квадратен за годишна закупнина за земјиштето кое е предмет на наддавањето;
- рок за поднесување и начин на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- услови за учество на јавното наддавање за странските физички и правни лица;
- депозит за учество на јавното надавање во износ од 10% од вкупната почетна цена за давање под закуп и сметка на која се уплатува депозитот;
- начин и постапка за спроведување на наддавањето;
- место и време на одржувањето на јавното наддавање и
- обврски и рокови кои ќе ги има најповолниот понудувач.

Објавата од став 2 на овој член може да содржи и дополнителни податоци за условите кои треба да ги исполнуваат физичките и правните лица кои ќе се пријават за учество на јавното наддавање.

Член 37

Постапката за јавното наддавање ја спроведува Комисијата од член 4 на оваа уредба.

Постапката за јавно наддавање се спроведува согласно одредбите од член 4, 5 и 6 на оваа уредба.

Член 38

Враќањето на депозитот за учество на јавното наддавање се врши согласно член 7 од оваа уредба.

Член 39

Јавното наддавање отпочнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на поединечно и постапно наддавање од страна на учесниците во наддавањето.

Почетната цена на јавното наддавање за едногодишна закупнина на градежно земјште не смее да биде пониска од 5% од утврдената цена на градежното земјиште во Табеларниот преглед.

За текот на јавното наддавање Комисијата води записник.

Член 40

За најповолен понудувач по метар квадратен се смета понудувачот кој ја понудил последната понудена цена по метар квадратен, усно повторена по трет пат од страна на Комисијата од член 4 на оваа уредба, која претставува цена за едногодишна закупнина на земјиштето.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и со писмено известие го потврдува најповолниот понудувач и рокот за пристапување кон склучување на договорот.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известие и приемот на записникот кој се издава по завршувањето на јавното наддавање, ги уплатува

средствата од став 1 на овој член, при што во средставата влегува и уплатениот депозит намален за процентот одреден за трошоците на постапката.

На учесникот во јавното наддавање кој понудил највисока цена, а во определениот рок од 15 дена не ги уплатил средствата од став 3 на овој член, депозитот не му се враќа и нема да се пристапи кон склучување на договор, а градежното земјиште ќе се смета дека не е дадено под долготраен закуп.

Член 41

За текот на јавното наддавање учесниците имаат право на приговор во рок од три дена по јавното наддавање. Приговорот се поднесува во писмена форма, до Министерството за транспорт и врски.

По приговорот одлучува со решение министерот.

Член 42

По завршувањето на постапката за јавно наддавање и уплатата на средствата од член 9 став 4 на оваа Уредба, со понудувачот чија понуда е прифатена како најповолна, министерот во рок од пет работни дена склучува договор за долготраен закуп.

На договорот од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

По склучувањето на договорот, закупецот е должен во рок од 15 дена истиот да го достави кај нотар заради вршење на солемнизација.

Во рок од 6 месеци од извршената солемнизација на договорот, закупецот на градежното земјиште е должен да прибави одобрение за изградба на предвидениот објект од надлежната општина.

Во случај на неисполнување на обврските согласно став 3 и 4 од овој член, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот.

**2. Давање под долготраен закуп по пат на прибирање на понуди**

Член 43

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија се дава под долготраен закуп по пат на прибирање на понуди со давање на јавен повик од страна на Министерството за транспорт и врски во најмалку два печатени медиуми за јавно информирање.

Почетната цена на земјиштето кое се дава под долготраен закуп по пат на прибирање на понуди за едногодишна закупнина на градежно земјште не смее да биде пониска од 5% од утврдената цена на градежното земјиште во Табеларниот преглед.

Член 44

Начинот и постапката за давање под закуп на градежното земјиште по пат на прибирање на понуди се спроведува согласно член 12, 13, 14 и 15 од оваа уредба.

Член 45

За постапката за избор на најповолен понудувач учесниците имаат право на приговор во рок од три дена по јавното наддавање. Приговорот се поднесува во писмена форма, до Министерството за транспорт и врски.

По приговорот одлучува со решение министерот.

Член 46

По завршувањето на постапката за избор на најповолен понудувач, со понудувачот чија понуда е прифатена како најповолна, министерот во рок од пет работни дена по извршената уплата на цената на земјиштето, склучува договор за долготраен закуп за градежното земјиште.

На договорот од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

По склучувањето на договорот, закупецот во рок од 15 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

Во рок од 6 месеци од извршената солемнизација на договорот, закупецот на градежното земјиште прибавува одобрение за изградба на предвидениот објект од надлежната општина.

Во случај на неиполнување на обврските согласно став 3 и 4 од овој член, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот.

**3. Давање под долготраен закуп со непосредна спогодба**

Член 47

Градежно земјиште сопственост на Република Македонија може да се даде под долготраен закуп со непосредна спогодба на домашни физички и правни лица и странски физички и правни лица во случаите утврдени со член 20 став 3 од Законот за градежно земјиште.

Годишната закупнина за градежното земјиште кое се дава под долготраен закуп со непосредна спогодба изнесува 5% од утврдената цена на градежното земјиште во Табеларниот преглед, освен за потребите на државните органи и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, кои не плаќаат закупнина.

Годишната закупнина за градежното земјиште кое се дава под долготраен закуп со непосредна спогодба за случаите утврдени во член 20 став 3 алинеа 2 од Законот за градежно земјиште, ја утврдува Владата на Република Македонија и истата неможе да биде пониска од 0,2% од утврдената цена на градежното земјиште во Табеларниот преглед.

Со поднесувањето на предлогот за давање на земјиштето под долготраен закуп со непосредна спогодба, подносителот треба да приложи:

- извод од урбанистички план со јасно дефинирана градежна парцела;
- геодетски елаборат за нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела;
- имотен или поседовен лист за градежното земјиште сопственост на Република Македонија, кој до денот на поднесувањето не е постар од 30 дена;
- уверение за редослед на извршените промени во катастарската евиденција за предметното градежното земјиште сопственост на Република Македонија.

За предлогот од став 4 на овој член, претходна согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 48

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се даде со непосредна спогодба без надоместок на општините, општините од подрачјето на градот Скопје и Градот Скопје, за вршување на нивните функции и работите утврдени со закон.

Со поднесувањето на предлогот за давање на земјиштето под долготраен закуп со непосредна спогодба, општините односно Градот Скопје, ги приложуваат и документите од член 47 став 4 од оваа Уредба.

Член 49

Правото на долготраен закуп се стекнува со договор на кој се применуваат одредбите од Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

По склучувањето на договорот, закупецот во рок од 15 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

Во рок од 6 месеци од извршената солемнизација на договорот, закупецот на градежното земјиште е должен да прибави одобрение за поставување на предвидениот објект од надлежната општина.

Во случај на неисполнување на обврските согласно став 2 и 3 од овој член, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот.

Договорот за долготраен закуп особено содржи:

1. Страни на договорот;
2. Предмет на договорот:
   - начин на давање под долготраен закуп;
   - конкретни податоци за предметното земјиште и
   - основ на давање под закуп на градежното земјиште
3. Висина на закупнината и рокови на плаќање;
4. Обврска на закупецот за плаќање на нотарските трошоци за солемнизација на договорот и
5. Утврдување на рокот за изградба на објектот предвиден за изградба согласно урбанистичкиот план,

## VI. ДАВАЊЕ ПОД КРАТКОТРАЕН ЗАКУП

Член 50

Градежно земјиште сопственост на Република Македнија може да се даде под краткотарен закуп врз основа на донесена програма од општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за поставување на времени објекти утврдени со закон, која содржи текстуален и графички дел.

Локациите утврдени во програмите од став 1 на овој член, Министерството за транспорт и врски ги дава под краткотраен закуп со јавно наддавање.

Постапките за јавното наддавање се спроведуваат согласно член 4, 5 и 6 од оваа уредба.

Објавата особено содржи:

- податоци за градежното земјиште кое се дава под краткотраен закуп;
- почетна цена по метар квадратен за месечна или годишна закупнина за земјиштето кое е предмет на наддавањето;
- рок за поднесување и начин на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- депозит за учество на јавното надавање во висина од 10% од вкупната почетна цена за јавно наддавање и сметка на која се уплатува депозитот;
- посебни услови за начинот на уредување на просторот;
- начин и постапка за спроведување на наддавањето;
- место и време на одржувањето на јавното наддавање и
- обврски и рокови кои ќе ги има најповолниот понудувач.

Јавното наддавање отпочнува со објавување на почетната цена и се спроведува по пат на поединечно и постапно наддавање од страна на учесниците во наддавањето.

Почетната цена на јавното наддавање за месечната закупнина на градежно земјште не смее да биде пониска од 5% од утврдената цена на градежното земјиште во Табеларниот преглед.

За текот на јавното наддавање Комисијата од член 4 на оваа уредба води записник.

За текот на јавното наддавање учесниците имаат право на приговор во рок од три дена по јавното наддавање. Приговорот се поднесува во писмена форма, до Министерството за транспорт и врски.

По приговорот одлучува со решение министерот.

Член 51

По завршувањето на постапката за јавно наддавање и уплатата на средствата од член 9 став 4 на оваа уредба, со понудувачот чија понуда е прифатена како најповолна, министерот во рок од пет работни дена склучува договор за краткотраен закуп.

Договорот за краткотраен закуп доколку е склучен на период пократок од пет години, може да биде продолжен за дополнителен рок со склучување на анекс на договорот, доколку се исполнети сите услови предвидени во првиот договор, но вкупниот број на години не може да биде подолг од пет години.

На договорот од став 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за градежно земјиште и Законот за облигациони односи.

По склучувањето на договорот, закупецот во рок од 15 дена го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

Во случај на неисполнување на обврската согласно став 4 од овој член, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот.

Член 52

По исклучок на член 50 од оваа уредба, градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се даде под краткотраен закуп и со непосредна спогодба, по поднесено барање до Министерството за транспорт и врски и тоа на сопствениците на угостителски објект пред кои е предвидено капалиште, на правни и физички лица за потребите за формирање на градилиште, за потребите на државните органи и дипломатско конзуларните претставништва за поставување на објекти за обезбедување и на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, за извршување на нивните функции и работи утврдени со закон.

Кон барањето подносителите доставуваат и соодветен урбанистички проект за капалиште или извод од програмата за конкретната локација и елаборат за нумерички податоци за капалиштето или локацијата определена со програмата.

Доколку барањето е комплетно и се исполнети условите за склучување на договор, министерот склучува договор за краткотраен закуп со барателот. За договорот за краткотраен закуп со непосредна спогодба соодветно се применуваат одредбите од став 2, 3 и 4 од член 51 на оваа уредба.

Месечната закупнината за градежното земјиште кое се дава под краткотраен закуп изнесува 5% од утврдената цена на градежното земјиште во Табеларниот преглед за категориите од став 1 на овој член, освен за потребите на државните органи и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, кои не плаќаат закупнина.

Член 53

Договорот од член 51 и член 52 на оваа Уредба, особено содржи:
- предмет на договорот;
- податоци за градежното земјиште;
- намена и податоци за објектот утврден со програмата;
- рок и начин на плаќање на закупнината;
- висина на закупнината;
- обврска на закупецот за плаќање на нотарските трошоци и
- услови за раскинување на договорот

## VII. ПОСЕБНИ ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 54

Посебните трошоци во постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште по пат на јавно наддавање се однесуваат на следните активности:

-за прибавување на докази и исправи за градежната парцела предмет на јавното наддавање;

- за објавување во медиумите и јавните гласила и надоместок за работа на комисијата;

- за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба и за воведување во владение на градежното земјиште и

- за работата на членовите на Комисијата од член 4 на оваа уредба.

Член 55

Висината на трошоците од член 54 алинеја 1, 2 и 3 на оваа уредба изнесува најмногу до 10% од депозитот за учество на јавното наддавање.

Висината на трошоците од член 54 алинеја 4 на оваа уредба изнесува најмногу до 10% од трошоците утврдени во став 1 на овој член.

Член 56

Посебните трошоци во постапката за отуѓувањето и давањето под закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба се:

- надоместок на трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба или воведување во владение.

- надоместок на трошоци за издавање на преписи на акти

Член 57

Висината на посебните трошоците од член 56 од оваа уредба се определува во следниот износ:

Надоместок на трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба или за материјални трошоци за воведување во владение:

- за оддалеченост од седиштето до 10км - 1000,00 денари
- за оддалеченост од седиштето до 10км до 50 км - 2000,00 денари
- за оддалеченост од седиштето над 50 км - 3000,00 денари

Надоместок на трошоци за издавање на преписи на акти

-за препис на договор - 150,00 денари,
-за препис на записник за увид на лице место - 200,00 денари и
-за поединачен препис на други акти - 200,00 денари,

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 58

Започнатите постапки за отуѓување на градежно земјиште до денот на влегување во сила на оваа уредба, ќе се завршат согласно Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за оттуѓување и давањето под закуп на гардежно земјиште сопственст на Република Македонија („Службен весник на РМ„ бр. 79/01, 103/01, 38/02, 51/03, 75/03, 95/04, 87/05 и 47/06, 155/07, и 158/07).

Член 59

Градежно земјиште на кое има поставено времени објекти до денот на влегувањето во сила на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2008), е предмет на отуѓување и давање под закуп доколку за времениот објект е донесено решение за негово отстранување.

Член 60

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните посебните трошоци на постапките за отуѓување и давањето под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија („Службен весник на РМ„ бр. 79/01, 103/01, 38/02, 51/03, 75/03, 95/04, 87/05 и 47/06, 155/07, и 158/07).

Член 61

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија„

| | |
|---|---|
| Бр. 19-4393/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**3026.**

Врз основа на член 61, став (4) и (8) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05 и 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.11.2008 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ТЕКОТ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОПИСИ И ДРУГИ АКТИ, КАКО И ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат условите, начинот и постапката за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина, видовите на планови и програми од областа на животната средина, начинот и постапката за учеството на јавноста при изработување, донесувањето, изменувањето или ревидирањето на плановите и програмите, како и начинот и критериумите врз основа на кои се определува јавноста, вклучувајќи и невладини организации.

Член 2

Видовите на планови и програми од областа на животната средина (во натамошниот текст: плански документи) кои се донесуваат согласно оваа уредба се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба.

Во постапката за изработката на прописи и други акти (во натамошниот текст: прописи) и/или плански документи, органите на државната управа и органите на единицата на локалната самоуправа (во натамошниот текст: органите), треба на јавноста да и овозможат ефективно да учествува во изработката на прописите и во донесувањето, изменувањето и ревидирањето (во понатамошниот текст: изработка) на планските документи во нивната најрана фаза на нивното донесување, односно при донесување на одлуката согласно член 4 од оваа уредба.

Член 3

Согласно член (2) од оваа уредба органите треба да ја информират јавноста и невладините организации (во натамошниот текст: заинтересираната јавност), по пат на јавни известувања објавени во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија и на Интернет страницата на органот, и/или по пат на јавни известувања објавени преку електронските медиуми чија програма е достапна согласно територијалната надлежност на органот.

Јавните известувања од став (1) од овој член треба да содржат: информации за донесената одлука од член (4) од оваа уредба; местото, времето и рокот каде што може да се изврши увид на прописот и/или планскиот документ; местото и времето каде ќе се одржува јавната расправа; адресата (поштенска и електронска) каде можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози; доколку тоа е можно, електронска адреса од каде што може да се превземе електронска верзија на прописот и/или планскиот документ, како и други информации кои можат да придонесат во остварување на правото на учество на заинтересираната јавност во одлучувањето.

Член 4

За изработка на пропис и/или плански документ органите треба да донесат одлука за изработка на пропис и/или плански документ и да ја објават на својата веб страна.

Одлуката од став (1) од овој член содржи:

- Име на органот кој што ги изработува прописот и/или планскиот документ;
- Наслов на прописот и/или планскиот документ со краток опис на неговата содржина и опфат;
- Редослед на активности во постапката кои ќе се превземат поврзани за изработката на прописот и/или планскиот документ;
- Опис и/или назив на субјектите кои ја преставуваат заинтересираната јавност;
- Начинот на вклучување на заинтересираната јавност во изработката на прописот и/или планскиот документ, вклучувајќи ги и роковите за давање на забелешки, мислења и предлози, роковите за јавниот увид и местото и времето на одржувањето на јавната расправа.

Член 5

Во зависност од видот и содржината на прописот и/или планскиот документ, органот ја определува заинтересираната јавност преку определување на субјекти врз кои може да влијае спроведуањето на прописот и/или планскиот документ, замајќи ги предвид следните критериуми:

1. економски (вршење на стопански или други економски дејности) и тоа:
- зголемување на дополнителни финансиски обврски (даноци, такси или промени во регулативата со кои се наметнуваат нови обврски);
- промени во вршењето на дејностите преку наметнување на нови стандарди;
2. социјални, и тоа:
- влијание од апект на старосната структура;
- вилјание врз половата структура;
- влијание врз образовната структура;
- влијание врз посебни здруженија заради остварување на заеднички интерес;
- влијание врз вршењето на социјалната и здравствената дејност;
3. еколошки - влијанија врз медиумите и областите на животната средина според кои критериуми се определуваат субјекти кои вршат научни, стручни и образовни активности во областа на животната средина, органите, како и јавните претпријатија или вршители на дејност од јавен интерес кои делуваат во областа на животната средина.

Во случај кога органот согласно став 1 точка 2 од овој член, не може да определи субјекти од социјалниот аспект тогаш во заинтересирана јавност влегуваат здруженија, организации и институции кои промовираат остварување на генерални социјални цели (здруженија на пензионери, центри за социјални работи, социјална инклузија, родови прашања и слично).

Член 6

Органот за изработката на пропис и/или плански документ треба да обезбеди услови за учество на заинтересираната јавност со одржување на најмалку една јавна расправа и да го стави нацрт прописот и нацрт планскиот документ на јавен увид и на својата веб страна.

Јавниот увид може да трае најмалку 30 дена.

Јавната расправа се одржува најмалку 15 дена од денот на ставањето на прописот и/или планскиот документ на јавен увид, а најдоцна пет дена пред денот на истекувањето на рокот за јавниот увид, од ставот 2 од овој член.

Член 7

Органот, субјектите од заинтересираната јавност писмено и/или со електронска пошта треба да ги поканат да земат учетво на јавната расправа за изработката на прописот и/или планскиот документ.

Правни и физички лица кои сметаат дека се засегнати со изработката на прописот и/или планскиот документ можат да побараат од органот да бидат повикани на јавната расправа согласно став (1) од овој член најдоцна пет дена пред одржување на јавната расправа.

Член 8

Јавната расправа вклучувајќи го и јавниот увид ги координира и води органот што го изработува прописот и/или планскиот документ.

На јавната расправа сите присутни можат да дадат свои забелешки, мислења и предлози.

За спроведената јавна расправа и нејзиното одржување се води записник од страна на органот, како и список на сите присутни учесници на расправата.

Доколку за тоа постои можност органот може јавната расправа да ја пренесува директно на еден од електронските медиуми или да обезбеди електронски аудио или видео запис и истите да ги направи достапни на јавноста.

Член 9

Ако во текот на јавната расправа или во рокот на траење на јавниот увид, субјектите од заинтересираната јавност не доставаат забелешки, мислења или предлози ќе се смета дека јавноста немала никакви забелешки по прописот и/или планскиот документ.

Член 10

Органот во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот увид, треба да достави поединечен или збирен одговор на сите пристигнати забелешки, мислења и предлози по прописот и/или планскиот документ.

Органот треба да подготви извештај за одржаната јавна расправа и истиот да го објави на својата веб страница.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-5992/1
23 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

## Прилог 1

## Видови на планови и програми од областа на животната средина, каде учествува јавноста во нивнот подготвување, изменување или ревидирање

1. Планови и програми кои се утврдени со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, како и

2. Планови и програми, кои се однесуваат на:

- планирање, организација, овластување и за надзор на операциите за отстранување на отпадот на определено подрачје;
- управување со отпад од батерии и акумулатори;
- управување со отпадот и за управување со опасен отпад;
- управување со пакувања и со отпадот од пакувања;
- намалување на загадувањето на водата предизвикано од нитратите од земјоделските извори и спречување на натамошните загадувања;
- постигнување на гранична вредност во рамки на конкретен временски рок за оцена и управување со воздух.

**3027.**

Врз основа на член 91 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТА НА НЕДВИЖНИТЕ СТВАРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОРИСНИК МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ЦАРИНСКА УПРАВА

Член 1

Се утврдува дека објектите кои се изградени на:

1. КП бр. 223/1 КО Гевгелија - деловен простор со површина од 199м2 на м.в. „Ливади“,

2. КП бр. 330/1 КО Штип - деловен простор со површина од 270м2 на ул. „Железничка“ бб,

3. КП бр. 175/5 КО Буково - деловен простор со површина од 837м2 на ул. „Краварски пат“ бб кои ги користи Министерството за финансии - Царинската управа се сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии - Царинска управа.

Член 2

Објектите од член 1 на оваа одлука се запишуваат во Катастарот на недвижностите според фактичката состојба на денот на влегување во сила на оваа одлука и подготвените геодетски елаборати.

Член 3

Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности врз основа на оваа одлука да изврши запишување на правата на недвижностите во катастарот за КО Гевгелија, КО Штип и КО Буково.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4195/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3028.**

Врз основа на член 12 став 2 и член 56 став 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07 и 103/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 18.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА НАПЛАТА И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОТ ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

**Општи одредби**

Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината и начинот на наплата и распределувањето на надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација и начинот на утврдување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација за Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Член 2

Висината на надоместокот и начинот на наплата и распределувањето на надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација и начинот на утврдување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација за Агенцијата за цивилно воздухопловство се утврдени во ЕУ Регулативата 549/2004 за регулаторна рамка за креирање на единствено европско небо, ЕУ Регулатива 550/2004 за давање на услуги на воздухопловна навигација единствено европско небо, ЕУ Регулативата бр. 1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловна навигација, како и системот на Eurocontrol за наплата на надоместоците за прелети.

ЕУ Регулативата бр.1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловна навигација е дадена во Прилог број 1 кој е составен дел на оваа одлука.

Системот на Eurocontrol за наплата на надоместоците за прелети е даден во Прилог број 2 кој е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината на надоместокот за лендинг и АТЦ услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/96, 19/98, 39/98 и 42/00), Одлуката за начинот на користењето на средствата од надоместокот што се наплатува за користење на уредите и услугите на контролата на летање во воздушниот сообраќај – прелети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/97 и 64/99), Наредбата за висината на надоместокот за користење на уредите и услугите на контролата на летање во воздушниот сообраќај – прелетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/97 и 2/04) и Одлуката за користење на средствата од надоместокот што се плаќа за користење на уредите и услугите на контролата на летање во воздушниот сообраќај – прелети (Број 23-1676/1 од 8.06.1998).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-5094/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

ПРИЛОГ 1

**Регулатива (ЕЗ) бр.1794/2006 од 6 декември 2006 год.**
**за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација**

ПОГЛАВЈЕ I

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

**Предмет и опфат**

1. Оваа регулатива ги утврдува потребните мерки за изработка на систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација, кој е во согласност со Системот за надоместоци за прелети на Еуроконтрол.

2. Оваа регулатива се применува за услугите на воздухопловната навигација, кои ги даваат давателите на услуги на воздухопловната навигација дезигнирани од Република Македонија, за општ воздушен сообраќај на територијата на Република Македонија како одговорена за организирање на давањето на услуги на воздухопловна навигација на своја територија.

3. Оваа регулатива може да се применува и за услугите на воздухопловна навигација кои се даваат во воздушниот простор во рамките на други региони на ИКАО, под услов да го информираат Комисијата и другите земји членки за тоа.

4. Оваа регулатива може да се применува за давателите на услуги на воздухопловна навигација, кои добиле дозвола да даваат услуги на воздухопловна навигација, без да имаат уверение за тоа.

5. Оваа регулатива не се применува за услуги на воздухопловна навигација, кои се даваат на аеродроми со помалку од 50000 комерцијални движења за воздушен сообраќај годишно, без разлика на максималната маса на полетување и бројот на патнички седишта, при што движењата се бројат како збир на полетувања и слетувања и се пресметуваат како просек од претходните три години.

Надлежните институции ја информираат Комисијата за тоа.

6. Без да е во спротивност со примената на принципите од членовите 3 и 4 на оваа одлука, надлежните институции можат да одлучат да не ги пресметаат терминалните надоместоци, како што е предвидено со член 11 од оваа регулатива и да не одредат терминални единечни пресметковни единици како што е наведено во член 13 на ова регулатива, за услугите на воздухопловна навигација кои се даваат на аеродромите со помалку од 150000 движења на комерцијален воздушен сообраќај годишно, без разлика на максималната маса на полетување и бројот на патнички седишта, при што движењата се пресметуваат како збир на полетувања и слетувања и се пресметуваат како просек од претходните три години.

Пред да ја донесат таа одлука, надлежните институции вршат проценка на степенот до кој се исполнети условите утврдени со Анекс I, вклучувајќи и консултација со претставниците на корисниците на воздушниот простор.

Конечната проценка на тоа дали се исполнети условите и одлуката на надлежните институции се објавуваат и доставуваат до Комисијата, со целосно образложение на заклучоците на надлежните институции, вклучувајќи го и исходот од консултацијата со корисниците.

Член 2

**Дефиниции**

За целите на оваа регулатива се применуваат дефинициите од член 2 од рамковната Регулатива (ЕЗ) бр.549/2004.

Исто така, се применуваат и следните дефиниции:

(а) „корисник на услуги на воздухопловна навигација" значи корисник на воздухопловот кога бил извршен летот или, доколку не е познат идентитетот на корисникот, сопственик на воздухопловот, освен ако не докаже дека тогаш друго лице било корисник;

(б) „претставник на корисниците на воздушниот простор" значи секое правно лице или субјект кој ги застапува интересите на една или неколку категории на корисници на услугите на воздухопловна навигација;

(в) „ИФР" значи правила за инструментално летање, како што е утврдено во Анекс 2 на Чикашката конвенција за меѓународно цивилно воздухопловство од 1944 год. (десето издание-јули 2005 год.);

(г) „ВФР" значи правила за визуелно летање, како што е утврдено во Анекс 2 на Чикашката конвенција за меѓународно цивилно воздухопловство од 1944 год. (десето издание-јули 2005 год.);

(д) „зона на наплата на прелети" значи обем на воздушен простор за кој се утврдени единствена трошковна основа и единствена пресметковна цена;

(ѓ) „зона на терминална наплата" значи аеродром или група на аеродроми за кои се утврдени единствена трошковна основа и единствена пресметковна цена;

(е) „комерцијален воздушен сообраќај" значи секоја операција на воздухопловот која вклучува превоз на патници, стока или пошта заради надоместок или наем;

(ж) „надлежни институции" се Агенцијата за цивилно воздухопловство и дезигнираните даватели на услуги на воздухопловна навигација од Република Македонија.

Член 3

**Принципи на системот за наплата**

1. Системот за наплата ги одразува трошоците настанати директно или индиректно при давањето на услугите на воздухопловна навигација.

2. Трошоците за услугите за прелети се финансираат преку надоместоци за прелети воведени за корисниците на услугите на воздухопловна навигација.

3. Трошоците за терминалните услуги се финансираат преку терминални надоместоци воведени за корисниците на услуги на воздухопловна навигација и/или други приходи, вклучувајќи и вкрстени субвенции во согласност со правото на Република Македонија и Европската унија.

4. Ставовите 2 и 3 не се во спротивност со финансирањето на изземањата на одредени корисници на услуги на воздухопловна навигација преку други извори на финансирање согласно член 9.

5. Системот за наплата обезбедува транспарентност и консултација за трошковната основа и за распределбата на трошоците помеѓу различни услуги.

Член 4

**Утврдување на зони на наплата**

1. Надлежните институции на Република Македонија утврдуваат зони на наплата во воздушниот простор кој спаѓа под нејзина одговорност, во кој на корисниците на воздушниот простор им се даваат услуги на воздухопловна навигација.

2. Зоните на наплата се утврдуваат во согласност со активностите и услугите за контрола на летање, по консултација со претставниците на корисниците на воздушниот простор.

3. Зоната на наплата на прелети се протега од земјата до горниот воздушен простор вклучително, без да е во спротивност со можноста надлежните институции да воспостават специфична зона за комплексна терминална област, по консултација со претставниците на корисниците на воздушниот простор.

4. Доколку зоните на наплата се протегаат низ воздушниот простор на повеќе од една земја, надлежните институции ги прават соодветните подготовки за да осигураат конзистентност и усогласеност во примената на оваа регулатива за односниот воздушен простор. Тие за тоа ги известуваат Комисијата и Евроконтрол.

ПОГЛАВЈЕ II

**ТРОШОЦИ ЗА ДАВАЊЕТО НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА**

Член 5

**Подобни услуги, уреди и активности**

1. Давателите на услуги на воздухопловна навигација од член 1 (2) и (4) ги утврдуваат трошоците направени при давањето на услуги на воздухопловна навигација во врска со уредите и услугите, кои се предвидени и спроведени согласно Планот за воздухопловна навигација на ИКАО, Европски регион, во зоните на наплата под нивна одговорност.

Во тие трошоци спаѓаат административни општи трошоци, оние за обука, студии, тестови и проби, како и за истражување и развој, кои се распределени за овие услуги.

2. Се утврдуваат и следните трошоци, кога се направени во врска со давањето на услуги на воздухопловна навигација:

(а) трошоците направени од страна на Агенцијата;

(б) трошоците направени од страна на признатите организации ангажирани од Агенцијата, како што е наведено во член 3 од Регулативата за давање на услуги (ЕЗ) бр.550/2004, и

(в) трошоците кои произлегуваат од меѓународните спогодби.

3. Без да е во спротивност со другите извори на финансирање и заради високо ниво на безбедност, рентабилност и давање на услуги, надоместоците можат да се користат за да се обезбеди финансирање на проекти наменети за помагање на одредени категории на корисници на воздушен простор и/или даватели на услуги на воздухопловна навигација, за да се подобрат колективните инфраструктури за воздухопловна навигација, давањето на услуги на воздухопловна навигација и користењето на воздушниот простор согласно правото на Република Македонија и Европската унија.

Член 6

**Пресметување на трошоци**

1. Трошоците за подобни услуги, уреди и активности во смисол на член 5 се утврдуваат така да бидат усогласени со сметките од член 12 на Регулативата за давање на услуги (ЕЗ) бр.550/2004 за периодот од 1 јануари до 31 декември. Меѓутоа, неповратните влијанија кои се резултат на воведувањето на Меѓународните сметководствени стандарди може да се протегаат во период кој не изнесува повеќе од 15 години.

2. Трошоците од став 1 се расчленети на трошоци за персоналот, други трошоци на работењето, амортизациони трошоци, трошок на капиталот и исклучителни ставки, вклучувајќи и неповратни платени даноци и царини и сите други трошоци поврзани со тоа.

Трошоците за персоналот вклучуваат бруто плата, надоместоци за прекувремена работа, придонеси на вработените за социјално осигурување, како и пензиски трошоци и друга социјална помош.

Другите трошоци на работењето вклучуваат трошоци настанати преку набавка на добра и услуги, кои се користат за давање на услуги на воздухопловна навигација, а особено надворешни услуги, како трошоци за комуникација, надворешен персонал како консултанти, материјал, струја, комуналии, изнајмување на згради, опрема и уреди, одржување, осигурителни трошоци и патни трошоци. Кога давателот на услуги на воздухопловна навигација набавува други услуги на воздухопловна навигација, давателот на услуги го вклучува остварениот расход за тие услуги во своите други трошоци на работењето.

Амортизационите трошоци се однесуваат на вкупните основни средства во употреба наменети за услугите на воздухопловната навигација. Основните средства се амортизираат според нивниот очекуван работен век, со употреба на праволински метод кој се применува на набавната цена на средствата кои се амортизираат. Кога средствата му припаѓаат на давател на услуги на воздухопловна навигација, кој подлежи на механизам на стимулација, како што е наведено во член 12 (2), може да се применува тековно трошковно сметководство, наместо сметководство на набавна цена, за да се пресмета амортизацијата. Методот останува постојан во текот на амортизацијата.

Трошокот на капиталот е еднаков на производот на:

(а) збирот на просечната нето сметководствена вредност на основните средства кои ги користи давателот на услуги на воздухопловна навигација при работата или кои се во подготовка и на просечната вредност на нето тековни средства, кои се потребни за давањето на услуги на воздухопловна навигација; и

(б) пондерираната средина на каматната стапка за долговите и за поврат на капиталот.

Исклучителни ставки се неповратните трошоци поврзани со давањето на услуги на воздухопловна навигација, кои настанале во текот на годината.

3. Заради целите на став 2, петти подстав, факторите на тежина се засноваат на уделот на финансирањето преку долг или сопствен капитал. Каматната стапка на долговите е еднаква на просечната каматна стапка на долговите на давателот на услуги на воздухопловна навигација. При повратот на капитал се зема предвид финансискиот ризик од тоа ако давателот на услуги на воздухопловна навигација се води според стапката на државните обврзници. Кога давателот на услуги на воздухопловна навигација подлежи на механизам на стимулации, како што е наведено во член 12 (2), може да се додаде дополнителна премија за да се осигури соодветно земање предвид на специфичниот финансиски ризик преземен од страна на овој давател.

Кога средствата не му припаѓаат на давателот на услуги на воздухопловна навигација, а се вклучени во пресметувањето на трошокот на капиталот, треба да се осигура дека трошоците за овие средства не се надоместени два пати.

Член 7

**Распределба на трошоци**

1. Трошоците за подобните услуги, уреди и активности во смисол на член 5 се распределуваат транспарентно на зоните на наплата во врска со кои тие се всушност настанати.

Кога трошоците се настанати во различни зони на наплата, тие се распределуваат пропорционално врз основа на транспарентна методологија, како што се бара со член 8.

2. Трошокот за терминални услуги се однесува на следниве услуги:

(а) услуги за аеродромска контрола, аеродромско информирање во лет, вклучувајќи и советодавни услуги и услуги за тревога;

(б) услуги на воздухопловна навигација поврзани со приоѓање и заминување на воздухоплови во рамките на одредено растојание од аеродромот врз основа на оперативните барања;

(в) соодветна распределба на сите други компоненти на услугите на воздухопловна навигација, кои одразуваат пропорционално распоредување на услугите за прелети и терминалните услуги.

3. Трошокот за услугите за прелети се однесува на трошоците од став 1 и на исклучувањето на трошоците од став 2.

4. Доколку се одобрат изземања за летовите по правилата на визуелно летање согласно член 9, давателот на услуги на воздухопловна навигација ги идентификува трошоците за услугите на воздухопловна навигација настанати за летовите по правила на визуелно летање одделно од трошоците настанати за летовите по правила на инструментално летање. Овие трошоци можат да се утврдат преку методологија за гранични трошоци, земајќи ги предвид придобивките за летовите по правила на инструментално летање, кои произлегуваат од услугите дадени за летовите по правила на визуелно летање.

Член 8

## Транспарентност на трошковната основа

1. Без да е во спротивност со член 18 од Регулативата за давање на услуги (ЕЗ) бр.550/2004 Агенцијата и/или давателите на услуги на воздухопловна навигација организираат размена на информации за трошковните основи, планираните инвестиции и очекуваниот сообраќај со претставниците на корисниците на воздушниот простор, доколку вторите го бараат тоа. Како резултат на тоа, тие транспарентно ги ставаат на располагање своите односни трошоци утврдени согласно член 5 на претставниците на корисниците на воздушниот простор, Комисијата и каде што одговара, Евроконтрол, барем на годишна основа.

2. Информациите од став 1 се засноваат на табелите за известување и деталните правила пропишани во Анекс II, или тогаш кога земјата членка ја донела одлуката од член 1 (6), или ú укажала на Комисијата дека размислува да донесе таква одлука, во Анекс III дел 1.

ПОГЛАВЈЕ III

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ДАВАЊЕТО НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА ПРЕКУ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

Член 9

## Изземања од надоместоците за воздухопловна навигација

1. Република Македонија ги иззема од надоместоци за прелети:

(а) летовите кои ги вршат воздухоплови со дозволена максимална тежина на полетување помалку од два метрички тона;

(б) мешовити летови според правила на визуелно летање/правила на инструментално летање во наплатните зони, каде тие се вршат исклучиво според правила на визуелно летање и каде не се наплаќа надоместок за летови според правила на визуелно летање;

(в) летовите кои се вршат исклучиво заради превоз, на официјална мисија, на монарх на власт и на неговото непосредно семејство, претседатели, премиери и министри во влада; во сите случаи ова мора да се докаже со соодветен показател на статусот на планот на летот;

(г) летови за потрага и спасување овластени од страна на соодветниот надлежен орган.

2. Република Македонија ги иззема од надоместоци за прелети:

(а) воените летови кои ги вршат воените воздухоплови на која било земја;

(б) летовите за обука кои се вршат исклучиво заради добивање на дозвола, или овластување, во случај на летачки екипаж од пилотска кабина, каде што тоа се означува со соодветна забелешка во планот на летот; летовите мора да се вршат единствено во рамките на воздушниот простор на Република Македонија; летовите не смеат да служат за превоз на патници и/или стока, ниту пак за позиционирање или прелетување на воздухопловот;

(в) летовите кои се вршат исклучиво заради проверка или тестирање на опремата или кои се планира да се користат како земски средства за воздухопловна навигација, со исклучок на позиционите летови од страна на односните воздухоплови;

(г) летови кои завршуваат на аеродромот од кој полетал воздухопловот и во текот на кои не е направено меѓу-слетување;

(д) летови по правила на визуелно летање;

(ѓ) хуманитарни летови овластени од страна на соодветниот надлежен орган;

(е) летови на царината и полицијата.

3. Република Македонија може да ги изземе од терминални надоместоци летовите од став 1 и 2.

4. Направените трошоци за изземените летови не се земаат предвид при пресметка на единечните пресметковни цени.

Овие трошоци се состојат од:

(а) трошоците за изземените летови по правила на визуелно летање, како што е утврдено со член 7(4); и

(б) трошоците за изземените летови по правила на визуелно летање, кои се пресметуваат како производ од настанатите трошоци за летовите по правила на инструментално летање и соодносот на бројот на изземени услужни единици и вкупниот брј на услужни единици; настанатите трошоци за летовите по правила на инструментално летање се еднакви на вкупните трошоци минус трошоците за летовите по правилата на визуелно летање.

Република Македонија осигурува дека на давателите на услуги на воздухопловна навигација им се надоместуваат услугите кои ги даваат за изземените летови.

Член 10

**Пресметка на надоместоци за прелети**

1. Надоместокот за прелет за одреден лет во одредена зона на наплата на прелети е еднаков на производот на единечната пресметковна единица утврдена за оваа зона на наплата на прелети и услужните единици за прелети за овој лет.

2. Без да е во спротивност со спроведувањето на механизмот на стимулација за давателите на услуги за воздухопловна навигација од страна на Република Македонија согласно член 12(2), единечната пресметковна единица во зоната на наплата на прелети се пресметува преку делење на предвидениот број на услужни единици за прелети за кои се плаќа за односната година со предвидените трошоци за услуги на воздухопловна навигација. Предвидените трошоци го вклучуваат билансот кој е резултат на превисоко или прениско надоместување од претходните години.

3. Услужните единици за прелети се пресметуваат согласно Анекс IV.

Член 11

**Пресметка на терминални надоместоци**

1. Без да е во спротивност со можноста согласно член 3 за финансирање на терминални услуги на воздухопловна навигација преку други извори на финансирање, терминалниот надоместок за одреден лет во одредена зона на терминална наплата е еднаков на производот од единечната пресметковна цена утврдена за оваа зона на терминална наплата и терминалните услужни единици за овој лет.

2. Без да е во спротивност со спроведувањето на механизмот на стимулација за давателите на услуги на воздухопловна навигација од страна на Република Македонија, согласно член 12(2), единечната пресметковна единица во зоната на терминална наплата се пресметува преку делење на предвидениот број на терминални услужни единици за кои се плаќа за односната година со предвидените трошоци за услуги на воздухопловна навигација. Предвидените трошоци го вклучуваат билансот кој е резултат на превисоко или прениско надоместување од претходните години.

3. Терминалните услужни единици се пресметуваат согласно Анекс IV.

Член 12

**Механизми на стимулација**

1. Република Македонија може да воспостави или да одобри механизми на стимулација, кои се состојат од финансиски предности или недостатоци, кои се применуваат на правична и транспарентна основа како поддршка на подобрувањата во давањето на услуги на воздухопловна навигација, што резултира со различно пресметување на надоместоците, како што е наведено во ставовите 2 и 3. Овие стимулации можат да се применуваат за давателите на услуги на воздухопловна навигација и/или корисниците на воздушниот простор.

2. Кога Република Македонија ќе одлучи да примени механизам на стимулација за давателите на услуги на воздухопловна навигација, таа, по консултациите од член 15, однапред ги одредува условите за утврдување на

максималното ниво на единечна пресметковна цена или за приходот за секоја година за период кој не изнесува повеќе од пет години. Овие услови се утврдуваат во однос на планираното ниво на трошоци (вклучувајќи го и трошокот на капиталот) во текот на периодот и исто така можат да ги пропишат финансиските модулации (над или под очекуваните трошоци) кои се засноваат на конретните аспекти на изведбата на давателите на услуги на воздухопловна навигација, кои може да вклучуваат ефикасност, квалитет на услугата, изработка на одредени проекти, важни настани или надлежности или ниво на соработка со други даватели на услуги на воздухопловна навигација, со цел да се земат предвид мрежните влијанија.

3. Кога Република Македонија ќе одлучи да примени механизам на стимулација, вклучувајќи и ноќни модулации, за корисниците на услугите на воздухопловна навигација, таа, по консултациите од член 15 ги модулира надоместоците кои тие ги направиле за да ги одрази обидите на тие корисници за оптимизирање на користењето на услугите на воздухопловната навигација, да ги намали севкупните трошоци за овие услуги и да ја зголеми нивната ефикасност, особено преку намалување на надоместоците според авионската опрема која го зголемува капацитетот или преку компензирање на непријатноста при избирање на линии со помалку сообраќај.

Механизмот на стимулација е со ограничен период, опфат и износ. Со проценетите заштеди создадени преку подобрувањата на оперативната ефикасност треба барем најмалку да се компензира трошокот за стимулациите во разумна временска рамка. Планот е во согласност со редовна ревизија која ги вклучува преставниците на корисниците на воздушниот простор.

4. Надлежните институции на Република Македонија кои воспоставиле или одобриле механизми на стимулација го следат правилното спроведување на овие механизми на стимулација од страна на давателите на услуги на воздухопловна навигација.

Член 13

**Одредување на единечни пресметковни цени за зоните на наплата**

1. Република Македонија осигурува дека се одредуваат единечни пресметковни цени за секоја зона на наплата на годишна основа. Тие исто така можат да осигурат дека единечните пресметковни цени се одредуваат однапред за секоја година во период кој не изнесува повеќе од пет години.

2. Во случај на неочекувани поголеми промени на сообраќајот или на трошоците, единечните пресметковни цени можат да се изменат во текот на годината.

3. Република Македонија го информира Комисијата и Евроконтрол, по потреба, за единечните пресметковни цени за секоја зона на наплата.

Член 14

**Наплата на надоместоци**

1. Република Македонија може да наплатува надоместоци преку единечна наплата по лет.

2. Корисниците на услугите на воздухопловната навигација веднаш и целосно ги плаќаат сите надоместоци за воздухопловна навигација.

3. Република Македонија осигурува дека се применуваат ефективни мерки на присила. Во овие мерки можат да спаѓаат одбивање на давање на услугите, казнување на воздухоплови или други мерки на присила согласно применливиот закон.

Член 15

**Транспарентност на механизамот на наплата**

1. Република Македонија осигурува дека претставниците на корисниците на воздушниот простор редовно се консултираат за политиката за наплата. За таа цел, тие им ги доставуваат потребните информации за нивниот механизам на наплата, како што е наведено во Анекс VI, или тогаш кога Република Македонија ја донела одлуката од член 1 (6), со потребните информации наведени во Анекс III, дел 2 и организираат ефективно и транспарентно рочиште за консултација, за да ги претстават овие информации, како и информациите од член 8, во присуство на вклучените даватели на услуги на воздухопловна навигација.

2. Без да е во спротивност со член 18 од Регулативата за давање на услуги (ЕЗ) бр.550/2004, односната документација се става на располагање на претставниците на корисниците на воздушниот простор, Комисијата, Евроконтрол и Агенцијата три недели пред рочиштето за консултација.

ПОГЛАВЈЕ IV

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

*Член 16*

**Жалба**

Република Македонија осигурува дека одлуките кои се донесени согласно оваа Регулатива се правилно образложени и подлежат на ефективна постапка за ревизија и/или жалба.

*Член 17*

**Олеснување на следењето на сообразноста**

Давателите на услуги на воздухопловна навигација ги олеснуваат инспекциите и прегледите од страна на националниот надзорен орган односно Агенцијата или од страна на призната организација која постапува во име на второта, вклучувајќи и посети на терен. Лицата кои се овластени од тие органи се овластени:

(а) да ги проверуваат односните сметководствени документи, деловни книги, залихи и секој друг материјал од значење за утврдувањето на надоместоците за воздухопловна навигација;

(б) да земаат примероци или извадоци од тие документи;

(в) да бараат усни објаснувања на самото место;

(г) да влезат во односните простории, земјишта или превозни средства.

Тие инспекции и прегледи се вршат во согласност со процедурите кои се во сила во Република Македонија во која треба да се извршат.

*АНЕКС I*

# ПРОЦЕНКА НА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА НА АЕРОДРОМИТЕ КОИ СПАЃААТ ПОД ЧЛЕН 1 (6)

Согласно член 1 (6) треба да се проценат следните услови:

1. Степенот до кој давателите на услуги на воздухопловна навигација можат слободно да понудат да дадат услуги на воздухопловна навигација на аеродромите или да се повлечат од тоа:

-постоење или непостоење на какви било значајни економски бариери кои би го спречиле давателот на услуги на воздухопловна навигација да нуди да даде услуги на воздухопловна навигација или да се повлече од тоа.

-постоење или непостоење на какви било значајни законски бариери кои би го спречиле давателот на услуги на воздухопловна навигација да нуди да даде услуги на воздухопловна навигација или да се повлече од тоа.

-должина на траење на договорот.

-постоењето на процедура која овозможува финансиските средства и персоналот да се префрлат од еден давател на услуги на воздухопловна навигација во друг.

2. Степенот до кој аеродромите слободно можат да определат кој ќе ги дава нивните услуги на воздухопловна навигација, вклучувајќи ја и можноста за самостојно добавување:

-постоење или непостоење на можност на аеродромите да се насочат кон самостојно добавување на услуги на воздухопловна навигација.

-постоење или непостоење на законски, договорни или практични бариери за способноста на аеродромот да го промени давателот на услуги на воздухопловна навигација.

-улогата на претставниците на корисниците на воздушниот простор во процесот на селекција на давателот на услуги на воздухопловна навигација.

3. Степенот до кој постои избор на даватели на услуги на воздухопловна навигација од кои аеродромите можат да избираат:

-постоењето или непостоењето на структурна нефлексибилност. која го ограничува ефективниот избор на услуги на воздухопловна навигација за аеродромите.

-доказ за алтернативни даватели на услуги на воздухопловна навигација. вклучувајќи ја и можноста за самостојно добавување. која дава избор при селекцијата на услугите на воздухопловна навигација од страна на аеродромите.

4. Степенот до кој аеродромите подлежат на притисоци поради комерцијалните цени или регулатива заснована на стимулации.

-дали аеродромите активно конкурираат за деловното работење на авиопревозниците.

-степенот до кој аеродромите го сносат надоместокот за услугите на воздухопловната навигација.

-дали аеродромите работат во конкурентно опкружување или согласно економски стимулации наменети да ги покријат цените или на друг начин да ги стимулираат намалувања на трошоците.

---

*АНЕКС II*

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ТРОШКОВНАТА ОСНОВА

## 1. ТАБЕЛА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Агенцијата и давателите на услуги на воздухопловна навигација ја пополнуваат следната табела за известување за секоја зона на наплата под нивна одговорност.

Износите се реалните износи за годината (n-3) до годината (n-1) и планираните броеви за годината (n) па натаму. Реалните трошоци се утврдуваат врз основа на потврдени сметки. Планираните трошоци се утврдуваат согласно планот на деловно работење, што се бара со потврдата од член 7 на Регулативата за давање на услуги (ЕЗ) бр.550/2004.

Трошоците се утврдуваат во домашна валута.

*Табела 1*

**Вкупно трошоци**

Организација:

Зона на наплата:

Година n:

**Подетални податоци според вид**

| | (n-3) A | (n-2) A | (n-1) A | (n) F | (n+1) F | (n+2) P | (n+3) P | (n+4) P | (n+5) P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Персонал | | | | | | | | | |
| Други трошоци на работењето | | | | | | | | | |
| Амортизација | | | | | | | | | |
| Трошок на капиталот | | | | | | | | | |
| Исклучителни ставки | | | | | | | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | | | | | | | |

## Подетални податоци според услуги

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управување со воздушниот сообраќај | | | | | | | | | |
| Комуникација | | | | | | | | | |
| Навигација | | | | | | | | | |
| Контрола | | | | | | | | | |
| Потрага и спасување | | | | | | | | | |
| Воздухопловни информации | | | | | | | | | |
| Метеоролошки услуги | | | | | | | | | |
| Трошоци за надзор | | | | | | | | | |
| Други државни трошоци | | | | | | | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | | | | | | | |

| (n-3) | (n-2) | (n-1) | (n) | (n+1) | (n+2) | (n+3) | (n+4) | (n+5) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A | A | A | F | F | P | P | P | P |

## Дополнителни информации за девизниот курс на националната валута во однос на еврото

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Девизен курс (1евро=) | | | | | | | | | |

**Дополнителни информации за трошокот на капиталот**

| | (n-3) A | (n-2) A | (n-1) A | (n) F | (n+1) F | (n+2) P | (n+3) P | (n+4) P | (n+5) P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Просечен капитал од работењето | | | | | | | | | |
| Од кој, просечни долгорочни финансиски средства | | | | | | | | | |
| Трошок на капиталот пред оданочување (%) | | | | | | | | | |
| Поврат на сопствениот капитал (%) | | | | | | | | | |
| Просечна камата на долговите (%) | | | | | | | | | |

2. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Исто така, Агенцијата и давателите на услуги на воздухопловна навигација ги даваат најмалку следниве информации:

-опис на методологијата која се користи за распределба на трошоците за уредите или услугите помеѓу различни услуги на воздухопловна навигација врз основа на листата на опрема и услуги наведена во Регионалниот план за воздухопловна навигација на ИКАО, Европски регион (Док 7754) и опис на методологијата која се користи за распределба на тие трошоци помеѓу различните зони на наплата,

-опис и објаснение на разликите помеѓу планираните и реалните износи за годината (n-1),

-опис и објаснение на петогодишните планирани трошоци врз основа на планот на деловното работење,

-опис на трошоците направени од страна на Република Македонија (други државни трошоци).

-опис и објаснение на усвоениот метод за пресметка на трошоците за амортизација: набавни цени или тековни трошоци. Кога се усвојува тековно трошковно сметководство, обезбедување на споредбени податоци за набавната цена.

-оправданост на трошокот на капиталот, вклучувајќи ги и компонентите на основата на средствата.

-опис на трошокот за секој аеродром за секоја зона на терминална наплата: за аеродроми со помалку од 20000 движења за комерцијален воздушен сообраќај годишно, кои се пресметуваат како просек од претходните три години, трошоците можат да се претставаат вкупно по аеродром.

-расчленување на трошоците за метеорологија помеѓу директните трошоци и „основните трошоци за МЕТ“, дефинирани како трошоци на придружните метеоролошките уреди и услуги, кои исто така во принцип служат за метеоролошките услуги. Тука спаѓа општа анализа и предвидување, радарски и сателитски опсервации на времето, опсервациони мрежи на земја и горен воздушен простор, метеоролошки комуникациски системи, центри за обработка на податоци и придружно темелно истражување, обука и управување.

-опис на методологијата која се користи за распределба на вкупните трошоци за МЕТ и основни трошоци за МЕТ за цивилно воздухопловство и помеѓу зоните на наплата.

*АНЕКС III*

# КОНКРЕТНИ УСЛОВИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА НА АЕРОДРОМИТЕ КОИ СПАЃААТ ПОД ЧЛЕН 1 (6)

## 1. ТРОШОЦИ ЗА ДАВАЊЕТО НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

### 1.1. **Табела за известување**

Давателите на услуги на воздухопловна навигација ја пополнуваат следната табела за известување за секоја зона на терминална наплата под нивна одговорност.

Износите се реалните износи за годината (n-3) до годината (n-1) и планираните износи за годината (n) па натаму. Реалните трошоци се утврдуваат врз основа на потврдени сметки. Планираните трошоци се утврдуваат согласно планот на деловно работење кој се бара со потврдата.

Трошоците се утврдуваат во домашна валута.

*Табела 1*

**Вкупно трошоци**

Организација:

Зона на наплата:

Година n:

| (n-3)<br>A | (n-2)<br>A | (n-1)<br>A | (n)<br>F | (n+1)<br>F | (n+2)<br>P | (n+3)<br>P | (n+4)<br>P | (n+5)<br>P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**Подетални податоци според вид**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Персонал | | | | | |
| Други трошоци на работењето | | | | | |
| Амортизација | | | | | |
| Трошок на капиталот | | | | | |
| Исклучителни ставки | | | | | |

| **Вкупно трошоци** | |
|---|---|

1.2. **Дополнителни информации**

Исто така, давателите на услуги на воздухопловна навигација ги даваат најмалку следните информации:

-опис на методологијата која се користи за распределба на трошоците за уредите или услугите помеѓу различните услуги на воздухопловна навигација врз основа на листата на опрема и услуги наведени во Регионалниот план за воздухопловна навигација на ИКАО, Европски регион (Док 7754).

-опис и објаснение на разликите помеѓу планираните и реалните износи за годината (n-1), кои не се доверливи.

-опис и објаснение на петогодишните планирани трошоци и инвестиции во однос на очекуваниот сообраќај, кои не се доверливи.

-опис и објаснение на усвоениот метод за пресметка на трошоците за амортизација: набавни цени или тековни трошоци.

-објаснение за трошокот на капиталот.

2. ФИНАНСИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

Давателите на услугите на воздухопловна навигација ги даваат следните информации за секоја зона на терминална наплата:

-опис на начинот (-ите) на кои се финансираат трошоците за услуги на воздухопловна навигација.

*АНЕКС IV*

## ПРЕСМЕТКА НА УСЛУЖНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ПРЕЛЕТИ

1. Услужната единица за прелети се пресметува со множење на факторот на растојание и факторот на тежина за односниот воздухоплов.

2. Факторот на растојание се добива со делење на бројот на прелетани километри во растојание на голем круг помеѓу влезната и излезната точка на зоните на наплата со сто, според последниот познат план на лет поднесен од страна на односниот воздухоплов заради целите на протокот на воздушниот сообраќај.

3. Доколку излезната и влезната точка на еден лет се идентични во зоната на наплата, факторот на растојание е еднаков на растојанието во растојанието на големиот круг помеѓу овие точки и најдалечната точка на планот на летот.

4. Растојанието кое треба да се земе предвид се намалува за 20 километри за секое полетување од територијата на земјата членка и секое слетување на неа.

5. Факторот на тежина, изразен во износ сведен на две децимали, е квадратен корен од количникот добиен со делење на бројот на метрички тони во максималната потврдена тежина при полетување на воздухопловот со педесет, како што е наведено во уверението за пловидбеност или кој било официјален документ обезбеден од страна на корисникот на воздухопловот. Тогаш кога оваа тежина не е позната, се користи тежината на најтешкиот познат воздухоплов од истиот тип. Тогаш кога воздухопловот има повеќе потврдени максимални тежини на полетување, се користи максималната. Тогаш кога корисникот на воздухопловите користи два или повеќе воздухоплова кои се различни верзии на истиот тип, просечната од максималните тежини на полетување на сите негови воздухоплови од тој тип се користат за секој воздухоплов од тој тип. Пресметката на факторот на тежина по тип на воздухоплов и по корисник се врши еднаш годишно.

*АНЕКС V*

## ПРЕСМЕТКА НА ТЕРМИНАЛНИТЕ УСЛУЖНИ ЕДИНИЦИ

1. Терминалната услужна единица е еднаква на факторот на тежина за односниот воздухоплов.

2. Факторот на тежина, изразен како износ сведен на две децимали, е количникот добиен со делење на бројот на метричките тони на најголемата потврдена тежина на полетување на воздухопловот од Анекс IV, став 5 со педесет, до јачина од 0, 7. Меѓутоа, во преодниот период од пет години по пресметувањето на првата терминална единечна пресметковна цена согласно оваа Регулатива, овој степенов показател се содржи помеѓу 0, 5 и 0, 9.

---

*АНЕКС VI*

## МЕХАНИЗАМ НА НАПЛАТА

1. ТАБЕЛА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Република Македонија ја пополнува следната табела за известување за секоја зона на наплата под нивна одговорност. Република Македонија исто така обезбедуваат пречистена Табела 1 за секоја зона на наплата под нивна одговорност. Кога зоната на наплата се протега низ воздушниот простор на повеќе од една земја членка, тие заеднички ја пополнуваат табелата согласно договорите од член 4 (4).

Износите се реалните износи за годината (n-3) до годината (n-1) и планираните износи за годината (n) па натаму. „Вкупните трошоци“ се утврдуваат како збир на сите вкупни трошоци наведени во Табела 1, кои се распределени во оваа зона на наплата.

*Табела 2*

**Пресметка на единечната пресметковна цена**

Оганизација (и):

Зона на наплата:

Година n:

| (n-3) | (n-2) | (n-1) | (n) | (n+1) | (n+2) | (n+3) | (n+4) | (n+5) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A | A | A | F | F | P | P | P | P |

**Единечна пресметковна цена (во евра)**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно трошоци([1]) | | | | | | | | | |
| Трошоци за иземени летови | | | | | | | | | |
| Износи пренесени во годината (n) | | | | | | | | | |
| Приход од други извори | | | | | | | | | |
| **Трошоци за кои се плаќа** | | | | | | | | | |
| Вкупно услужни единици | | | | | | | | | |
| Услужни единици за кои се плаќа | | | | | | | | | |
| **Единечна пресметковна цена**[2] | | | | | | | | | |

[1]Како збир на сите трошоци претставени во Табела 1, кои се распределени на оваа зона на наплата (кога одредени услуги на воздухопловна навигација се ангажирани однадвор, трошокот кој треба да се земе предвид е трошокот на годишниот расход).

[2] Единечна пресметковна цена=Трошок за кој се плаќа/Услужни единици за кои се плаќа

| (n-3)<br>A | (n-2)<br>A | (n-1)<br>A | (n)<br>F | (n+1)<br>F | (n+2)<br>P | (n+3)<br>P | (n+4)<br>P | (n+5)<br>P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**Единечна пресметковна цена (во домашна валута)**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Девизен курс (1 евро=) | | | | | | | | | |
| Единечна пресметковна цена | | | | | | | | | |

| (n-3)<br>A | (n-2)<br>A | (n-1)<br>A | (n)<br>F | (n+1)<br>F | (n+2)<br>P | (n+3)<br>P | (n+4)<br>P | (n+5)<br>P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**Салдото кое треба да се префрли (во домашна валута)**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци кои им се книжат на корисниците | | | | | | | | | |
| Реални вкупни трошоци | | | | | | | | | |
| Приход од други извори | | | | | | | | | |
| Реални трошоци за изземени летови | | | | | | | | | |
| Износи пренесени во година (n) | | | | | | | | | |
| **Салдо за година (n)** | | | | | | | | | |

## 2. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Исто така, Република Македонија ги собира и обезбедува најмалку следниве информации:

-опис и образложение за воспоставување на различни зони на наплата, особено во однос на зоната на терминална наплата и потенцијалните вкрстени субвенции помеѓу аеродромите,

-опис и објаснение за пресметката на предвидените услужни единици за кои се плаќа,

-опис и објаснение на методологијата која се користи во однос на надоместување на салдото, што е резултат на превисоко или прениско надоместување од претходните години,

-опис на политиката за иземања и опис на финансиските средства за покривање на поврзаните трошоци,

-опис на приходот од други извори кога постојат,

-опис и објаснение на стимулациите кои се применуваат за давателите на услуги на воздухопловна навигација и, особено, за модалитетите кои треба да се применат при воспоставувањето на регулаторните услови за нивото на единечните пресметковни цени.

Опис и објаснение на целите во смисол на изведбата и на модалитетите кои треба да ги земат предвид при одредувањето на максималните единечни пресметковни цени,

-опис на плановите на давателите на услуги на воздухопловна навигација, за да се задоволи планираната побарувачка и целите на изведбата,

-опис и објаснение на стимулациите кои се применуваат за корисниците на услуги на воздухопловна навигација.

---

ПРИЛОГ 2

**ЕВРОПСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО**

**EUROCONTROL**

# УСЛОВИ ЗА ПРИМЕНА НА

# СИСТЕМОТ НА НАДОМЕСТОЦИ ОД ПРЕЛЕТИ

# И

# УСЛОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ

[Текст одобрен од Проширената комисија и влезе во сила на 01.10.2007 година]

**Отпечатено 2007**

**(Оваа верзија го заменува изданието Бр. 06.60.02/2)**

Октомври 2007 Док. Бр. 07.60.02

# УСЛОВИ ЗА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА НАДОМЕСТОЦИ ОД ПРЕЛЕТИ

## ЧЛЕН 1

1. Надоместокот се наплаќа за секој лет извршен во согласност со процедурата за примена на Стандардите и Практиките на Меѓународната организација за цивилна авијација во воздушниот простор во надлежност на договорните страни. За целите на надоместоците од прелети, овој воздушен простор ќе биде поделен на зони на рутни надоместоци, како што е дефинирано од договорните страни и наведено во Анекс 1.

2. Надоместокот претставува поврат на трошоците направени од договорните страни за инсталациите и услугите на рутната воздушна пловидба и за функционирањето на Системот на надоместоци од прелети, како и за направените трошоци на EUROCONTROL за функционирање на системот.

3. Надоместоците создадени во дадена наплатна зона можат да бидат предмет на плаќање на Данок на додадена вредност (ДДВ). Во тој случај, EUROCONTROL може да го преземе тој данок според услови и согласно процедурите договорени со односната договорна страна (или страни).

4. Надоместоците создадени во дадена наплатна зона можат да бидат предмет на стимулативна шема (или шеми). EUROCONTROL би можел да реализира таква стимулативна шема под услови и согласно процедурите договорени со односната договорна страна (или страни).

5. Лицето обврзник за плаќање на надоместокот е она лице кое оперирало со воздухопловот во времето кога летот бил извршен. Доколку идентитетот на операторот е непознат, како оператор се смета сопственикот на воздухопловот се додека не докаже дека оператор било друго лице.

## ЧЛЕН 2

За секој лет кој влегува во воздушниот простор на наплатните зони наброени во Анекс 1, се наплатува единствен надоместок (**R**) кој е еднаков на износот на трошоците направени за тој лет во воздушниот простор на односните наплатни зони:

$$R = \sum_{n} r_i$$

Индивидуалниот надоместок ($r_i$) за летовите во наплатната зона (**i**) се пресметнуваат во согласност со одредбите на член 3.

## ЧЛЕН 3

Надоместокот за лет во дадена наплатна зона (**i**) се пресметнува според следната формула:

$$r_i = t_i \times N_i$$

при што where ($r_i$) го претставува надоместокот, ($t_i$) единечната цена на надоместокот а ($N_i$) бројот на услужни единици кои се однесуваат на тој лет.

## ЧЛЕН 4

За даден лет, бројот на услужни единици означен како ($N_i$) и наведен во претходниот член, со добива со примена на следната формула:

$$N_i = d_i \times p$$

каде ($d_i$) е коефициент на растојание во наплатната зона (**i**) а (**p**) коефициент на тежина за соодветниот воздухоплов.

## ЧЛЕН 5

1. Коефициентот на растојание ($d_i$) се добива со делење со сто (100) на бројот на километри на големото кружно растојание помеѓу:

   - појдовниот аеродром во или влезната точка во наплатната зона (**i**)

   и

   - аеродромот на првата дестинација во или излезната точка од таа наплатна зона (**i**).

   Под горе-наведените влезни и излезни точки се подразбираат точките на кои бочните граници на таа наплатна зона се вкрстуваат со рутата опишана во планот на летање. Во тој план се внесуваат сите промени направени од операторот во однос на првичниот поднесен план на летање, како и сите промени одобрени од операторот кои произлегуваат од мерките за управување со текот на воздушниот сообраќај.

2. За летови кои завршуваат на аеродромот од кој воздухопловот полетал и притоа не било направено ниедно меѓу-атерирање (циркуларни летови), се применува членот 5.1, освен во следните два случаи:

   a) За циркуларен лет извршен само во единствена наплатна зона, коефициентот на растојание се добива со делење со сто (100) на бројот на километри на големото кружно растојание меѓу аеродромот и најоддалечената точка од аеродромот, помножено со два (2);

   b) За циркуларен лет извршен во повеќе од една наплатна зона се применува член 5.1, освен ако таа наплатна зона содржи најоддалечена точка од аеродромот, пришто коефициентот на растојание се добива со делење со сто (100) на бројот на километри во вкупното големо кружно растојание помеѓу влезната точка во таа наплатна зона и најоддалечената точка од аеродромот, и од таа најоддалечена точка до излезната точка на таа наплатна зона.

3. Растојанието кое се зема предвид се намалува за дваесет (20) за секое полетување од и секое слетување во, територијата на договорната страна.

## ЧЛЕН 6

1. Коефициентот за тежина (**p**) – претставен како бројка со два децимали - се изразува како квадратен корен од количникот добиен со делење на педесет (50) на бројот на метрички тони - изразен како бројка со еден децимал - на максимално одобрената полетна тежина на воздухопловот наведена во цертификатот за пловидбеност, прирачникот за летање или во било кој друг соодветен официјален документ, како што следи:

$$p = \sqrt{\frac{\text{Maximum Take Off Weight}}{50}}$$

Кога максималната цертифицирана полетна тежина на воздухопловот не им е позната на органите надлежни за наплата на надоместокот, коефициентот за тежина се пресметува со земање на тежината на најтешкиот воздухоплов од истиот тип за кој се знае дека постои.

2. Кога воздухопловот има повеќе максимални цертифицирани полетни тежини, коефициентот за тежина се утврдува врз основа на највисоката максимална полетна тежина дозволена за тој воздухоплов од неговата земја на регистрација.

3. Кога сепак, операторот најавил до EUROCONTROL - до последниот работен ден во месецот во кој флотата на воздухоплови се променила а барем годишно - дека оперира со два или повеќе воздухоплови од различни верзии од ист тип, за калкулирање на коефициентот за тежина за секој воздухоплов од тој тип се зема просекот од максималната полетна тежина на сите воздухоплови од тој тип. Пресметката на овој коефициент по тип на воздухоплов и оператор се врши најмалку еднаш годишно.

## ЧЛЕН 7

1. Единечната цена на надоместокот (**$t_i$**) се утврдува во евра.

2. Ако договорната страна не одлучи поинаку, единечната цена на надоместокот за наплатна зона каде еврото не е националната валута се пресметува месечно со примена на месечниот просек на разменскиот курс меѓу еврото и националната валута за месецот кој му претходи на месецот во кој летот бил извршен. Се применува разменскиот курс на месечниот просек од "Заклучниот вкрстен курс" пресметан од Reuters врз основа на дневните куповни курсеви Ројтер врз основа на дневните куповни курсеви BID.

## ЧЛЕН 8

1. Од плаќање надоместоци се ослободени следните летови:

   a. Летови извршени од воздухоплов чија максимално дозволена полетна тежина е помала од два (2) метрички тона;

b. ексклузивни летови за официјални посети на актуелен монарх и негово непосредно семејство, шефови на држави, шефови на влади и владини министри. Во сите овие случаи, во планот за летање ова мора да биде соодветно образложено со статусен индикатор или забелешка.

c. летови за истражување и спасување одобрени од соодветен надлежен орган.

2. Покрај тоа, договорна страна може да даде ослободување од плаќање надоместок во наплатна зона која е под нејзина надлежност, и тоа за:

a. воени летови на воени воздухоплови на вило која земја;

b. летови за обука кои се вршат исклучиво заради добивање пилотска дозвола или квалификација за екипажот во кабина, и кога тоа е уредно образложено со соодветна забелешка во планот за летање. Летовите мора да се извршуваат само во таа наплатна зона. Летовите не смеат да служат за превоз на патници и/или стоки, ниту за позиционирање или пренесување на воздухопловот;

c. летови кои се вршат исклучиво за проверка или тестирање на опрема која се користи или се има намера да се користи како копнена помош на воздушната пловидба, освен за летови на позиционирање на соодветен воздухоплов;

d. летови кои завршуваат на аеродром од кој воздухопловот полетал и во текот на кои немало меѓу-слетувања (циркуларни летови);

e. летови исклучиво извршени за VFR во рамки на таа наплатна зона;

f. хуманитарни летови одобрени од соодветен надлежен орган;

g. царински и полициски летови.

**ЧЛЕН 9**

Износот на надоместокот се плаќа во седиштето на ЕУРОКОНТРОЛ, во согласност со Условите за плаќање утврдени во Анекс 2. Како паричната единица се користи еврото.

**ЧЛЕН 10**

Условите за примена на системот на надоместоци од прелети и единечните цени се објавуваат од страна на договорните страни.

**АНЕКС 1**

## РУТНИ НАПЛАТНИ ЗОНИ

| Име на наплатна зона | Опис на воздушниот простор | Договорна страна |
|---|---|---|
| Албанија | Информативен регион на летање Тирана<br>Виш информативен регион на летање Тирана | Република Албанија |
| Германија | Виш информат. регион на летање Хановер<br>Виш информат. регион на летање Рајна<br>Информат. регион на летање Бремен<br>Информат. регион на летање Ланген<br>Информат. регион на летање Минхен | Сојузна Република Германија |
| Ерменија | Информат. регион на летање Ереван | Република Ерменија [1] |
| Австрија | Информат. регион на летање Виена | Република Австрија |
| Белгија-Луксембург | Виш информат. регион на летање Брисел<br>Информат. регион на летање Брисел | Кралство Белгија -<br>Големо Војводство Луксембург |
| Босна и Херцеговина | Виш информат. регион на летање Сараево<br>Информат. регион на летање Сараево | Босна и Херцеговина |
| Бугарија | Информат. регион на летање Софија<br>Информат. регион на летање Варна | Република Бугарија |
| Кипар | Информат. регион на летање Никозија | Република Кипар |
| Хрватска | Информат. регион на летање Загреб<br>Виш информат. регион на летање Загреб | Република Хрватска |
| Данска | Информат. регион на летање Копенхаген | Кралство Данска |
| Континентална Шпанија | Виш информат. регион на летање Мадрид<br>Информат. регион на летање Мадрид<br>Виш информат. регион на летање Барцелона<br>Информат. регион на летање Барцелона | Кралство Шпанија |
| Канарски острови | Виш информат. регион на летање К.Острови<br>Информат. регион на летање К.Острови | Кралство Шпанија |
| Финска | Виш информат. регион на летање Финска<br>Информат. регион на летање Финска | Република Финска |

[1] сеуште технички неинтегриран.

| Име на наплатна зона | Опис на воздушен простор | Договорна страна |
|---|---|---|
| Франција | Виш Информат. регион на летање Франција<br>Информат. регион на летање Париз<br>Информат. регион на летање Брест<br>Информат. регион на летање Бордо<br>Информат. регион на летање Марсеј<br>Информат. регион на летање Ремс | Француска Република |
| Обединето Кралство | Виш информат. регион на летањеШкотска<br>Информат. регион на летање Шкотска<br>Виш информат. регион на летање Лондон<br>Информат. регион на летање Лондон | Обединето кралство на В.Британија и Северна Ирска |
| Грција | Виш информат. регион на летање Атина<br>Информат. регион на летање Атина | Хеленска Република |
| Унгарија | Информат. регион на летање Будимпешта | Република Унгарија |
| Ирска | Виш информат. регион на летање Шанон<br>Информат. регион на летање Шанон<br>Океанска транзитна област Шанон во следните кординати: 51°Север, 15°Запад, 51°Север 8°Запад, 48°30' Север, 8°Запад, 49°Север 15°Запад, 51°Север 15°Запад и над FL55<br>Северна океанска транзитна област во следните Кординати : 57°Север 15° Запад, 54°Север15° Запад, 57°Север 10°Запад, 54°34'Север 10°Запад и над FL55 | Ирска |
| Италија | Виш Информат. регион на летање Милано<br>Информат. регион на летање Милано<br>Виш информат. регион на летање Рим<br>Информат. регион на летање Рим<br>Виш информат. регион на летање Бриндизи<br>Информат. регион на летање Бриндизи | Италијанска Република |
| Литванија | Информат. регион на летање Виљнус | Република Литванија [1] |
| ПЈ Република Македонија | Информат. регион на летање Скопје | ПЈ Република Македонија |
| Малта | Виш информат. регион на летање Малта<br>Информат. регион на летање Малта | Република Малта |
| Молдавија | Информат. регион на летање Кишинев | Република Молдавија |

[1] сеуште технички неинтегриран.

| Име на наплатна зона | Опис на воздушен простор | Договорна страна |
|---|---|---|
| Норвешка | Виш Информат. регион на летање Норвешка<br>Информат. регион на летање Норвешка<br>Океански информат. регион на летање Бодо | Кралство Норвешка |
| Холандија | Информат. регион на летање Амстердам | Кралство Холандија |
| Полска | Информат. регион на летање Варшава | Република Полска [1] |
| Лисабон | Виш информат. регион на летање Лисабон<br>Информат. регион на летање Лисабон | Португалска Република |
| Санта Марија | Информат. регион на летање Санта Марија | Португалска Република |
| Романија | Информат. регион на летање Букуреште | Романија |
| Белград | Виш информат. регион на летање Белград<br>Информат. регион на летање Белград | Република Србија<br>Република Црна Гора |
| Словачка | Информат. регион на летање Братислава | Словачка Република |
| Словенија | Информат. регион на летање Љубљана | Република Словенија |
| Шведска | Виш информат. регион на летање Шведска<br>Информат. регион на летање Шведска | Кралство Шведска |
| Швајцарија | Виш информат. регион на летање Швајцарија<br>Информат. регион на летање Швајцарија | Швајцарска конфедерација |
| Чешка Република | Информат. регион на летање Прага | Чешка Република |
| Турција | Информат. регион на летање Анкара<br>Информат. регион на летање Истамбул | Република Турција |
| Украина | Информат. регион на летање Киев<br>Информат. регион на летање Симферопол<br>Информат. регион на летање Одеса<br>Информат. регион на летање Харков<br>Информат. регион на летање Л'вов | Украина [1] |

[1] сеуште технички неинтегриран.

АНЕКС 2

## УСЛОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ

КЛАЗУЛА 1

1. Износите од фактурите износи се плаќаат во седиштето на EUROCONTROL во Брисел.

2. Сепак, плаќањата извршени на сметки на име на EUROCONTROL кај банкарски институции определени од надлежните органи на Системот за надоместоци од прелети во договорни или други земји, EUROCONTROL ги смета како намирување на обврската од страна на должникот.

3. Обврската за плаќање на надоместокот настанува на датумот на извршување на летот. Плаќањето треба да пристигне во EUROCONTROL најдоцна до рокот наведен во фактурата а изнесува 30 дена од датумот на фактурата.

КЛАЗУЛА 2

1. Освен во случајот наведен во точка 2 од оваа клаузула, износот на надоместокот се плаќа во евро.

2. Кога плаќањето се врши кај определена банкарска институција со седиште во договорна страна, корисникот од таа држава може да ги намири долгот во националната конвертибилна валута на таа држава.

3. Кога корисникот ја користи можноста од претходната точка, конверзијата на износот во евро во националната валута се врши според дневниот разменски курс кој се користи за комерцијални трансакции согласно вредносниот датум и местото на плаќање.

КЛАЗУЛА 3

Се смета дека плаќањето е примено во EUROCONTROL на вредносниот датум на кој износот на долгот е кредитиран на определена банкарска сметка на EUROCONTROL. Вредносен датум е оној датум на кој EUROCONTROL може да ги користи средствата.

КЛАЗУЛА 4

1. Плаќањата треба да бидат придружени со наведување на референците, датумите и износите во евро на платените фактури, како и износите на намалувања добиените со одобрувањата. Барањето износите на фактурите да се прикажат во евро се однесува и на корисниците кои ја користат можноста да платат во национална валута.

2. Кога плаќањето не е придружено со деталите наведени во точка 1 погоре кои овозможуваат да се утврди на која или кои фактури истото се однесува, платениот износ EUROCONTROL ќе го намени:
   - најпрво за камати, а потоа
   - за најстарите неплатени фактури.

КЛАЗУЛА 5

1. Рекламациите во врска со фактурите мора да се поднесат до EUROCONTROL написмено или преку електронско средство кое претходно е одобрено од EUROCONTROL. Крајниот рок за прием на рекламациите во EUROCONTROL е наведен на фактурата, а изнесува 60 дена од датумот на фактурата.

2. За датум на поднесување на рекламации се смета датумот на нивниот прием во EUROCONTROL.

3. Рекламациите мора да бидат детализирани и придружени со сета доказна документација.

4. Поднесувањето рекламација не му дава право на корисникот да врши било какво намалување на односната фактура, освен ако за тоа добил дозвола од EUROCONTROL.

5. Кога EUROCONTROL и корисник се взаемно должници и доверители, не може да се врши никакво нивно пребивање без претходна согласност на EUROCONTROL.

КЛАЗУЛА 6

1. Секој надоместок кој не е наплатен до последниот рок за плаќање, се зголемува со затезна камата по стапка определена од надлежните органи и објавена од договорните страни, во согласност со член 10 од Условите за примена. Оваа камата, наречена затезна камата, е проста камата пресметана на ненамирениот износ за секој ден.

2. Камата се пресметува и фактурира во евро.

КЛАЗУЛА 7

Кога должникот не го плаќа ненамирениот износ, може да се преземат мерки на присилна наплата. Овие мерки може да вклучат одбивање на услуги, задржување на воздухоплов или други присилни мерки во согласност со правилата кои се во примена.

**3029.**

Врз основа на член 17 од Законот за архивската граѓа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 36/95 и 86/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА АРХИВСКАТА ГРАЃА

1. Со оваа одлука се дава одобрение на Државниот архив на Република Македонија да ја отстапи на Државниот архив на Црна Гора следната архивска граѓа:

- фонд бр. 623 - Окружно Муфтиство, Плевље 4 архивски кутии;
- фонд бр. 647 - Вакуфска управа, Плевље 3 а. кутии;
- фонд бр. 681 - Околиско вакуфско меарифско поверенство, Плевље 4 а.;
- фонд бр. 658 - Вакуфска управа, Стари бар 1 а. кутија;
- фонд бр. 664 - Околиско вакуфско меарифско поверенство, Стари бар 2 а. кутии;
- фонд бр. 648 - Вакуфска управа, Подгорица 1 а. кутија;
- фонд бр. 666 - Околиско вакуфско меарифско поверенство, Бјело Поље 1 а. кутија;
- фонд бр. 693 - Околиско вакуфско меарифско поверенство Улцињ 2 а. кутии;
- фонд бр. 665 - Околиско вакуфско меарифско поверенство Беране 1 а. кутија;
- фонд - Околиско вакуфско меарифско поверенство Плав 1 а. кутија и Околиско вакуфско меарифско поверенство Гусиње и Околиско вакуфско меарифско поверенство Рожаје 1 а. кутија.

Вкупно 22 архивски кутии и 35 книги.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5332/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**3030.**

Врз основа на член 8, став 3 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/05, 13/07 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ – НКД РЕВ. 2

Член 1

Со оваа одлука се донесува Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2, со стандардни шифри и називи на дејностите групирани на ниво на сектори, оддели, групи и класи.

Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2 е заснована на статистичката класификација на Европската унија Classification of economic activities NACE Rev.2.

Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2 е приложена кон оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 2

Националната класификација на дејностите – НКД Рев. 2 е основа за евидентирање, прибирање, обработка, анализа, публикување и прикажување на податоците за насочување на општествениот и економскиот развој и неговите структурни промени.

Член 3

Во Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2, дејностите се групираат во следните нивоа според наведените ознаки:

- сектор – се означува со две букви;
- оддел – се означува со двоцифрена шифра;
- група – се означува со трицифрена шифра и
- класа – се означува со четирицифрена шифра.

Секое наредно ниво во Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2, од наведените точки од став 1 од овој член, се агрегира во претходното, освен највисокото ниво – сектор.

Член 4

Описите на секторите, одделите, групите и класите на Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2, како и конверзионите табели, се подготвуваат и публикуваат од страна на Државниот завод за статистика.

Член 5

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите – НКД Рев. 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/06).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.01.2009 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5509/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**A/A** **ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО**

**01** **Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив**

***01.1*** ***Одгледување на едногодишни насади и посеви***

01.11 Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе

01.12 Одгледување на ориз

01.13 Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук

01.14 Одгледување на шеќерна трска

01.15 Одгледување на тутун

01.16 Одгледување на растенија за предиво

01.19 Одгледување на останати едногодишни насади и посеви

***01.2*** ***Одгледување на повеќегодишни насади и посеви***

01.21 Одгледување на грозје

01.22 Одгледување на тропско и суптропско овошје

01.23 Одгледување на агруми

01.24 Одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

01.25 Одгледување на јагодесто, јаткасто и друго овошје

01.26 Одгледување на маслодајни плодови

01.27 Одгледување на растенија за производство на пијалаци

01.28 Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата

01.29 Одгледување на останати повеќегодишни посеви

***01.3*** ***Одгледување на саден материјал***

01.30 Одгледување на саден материјал

***01.4*** ***Одгледување на животни***

01.41 Одгледување на молзни крави

01.42 Одгледување на други говеда и биволи

01.43 Одгледување на коњи и останати сродни животни

01.44 Одгледување на камили и лами

01.45 Одгледување на овци и кози

01.46 Одгледување на свињи

01.47 Одгледување на живина

01.49 Одгледување на други животни

***01.5 Мешовито фармерство***

01.50 Мешовито фармерство

***01.6 Помошни дејности во земјоделството и дејности кои се извршуваат после собраните посеви***

01.61 Помошни дејности за одгледување на посеви

01.62 Помошни дејности за одгледување на животни

01.63 Дејности кои се извршуваат после собраните посеви

01.64 Доработка на семе

***01.7 Лов, траперство и соодветни услужни дејности***

01.70 Лов, траперство и соодветни услужни дејности

**02 Шумарство и искористување на шуми**

***02.1 Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството***

02.10 Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството

***02.2 Искористување на шумите***

02.20 Искористување на шумите

***02.3 Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва***

02.30 Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва

***02.4 Помошни услуги во шумарството***

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 02.40 | Помошни услуги во шумарството |
| | 03 | | **Рибарство и аквакултура** |
| | ***03.1*** | | ***Рибарство*** |
| | | 03.11 | Морски риболов |
| | | 03.12 | Риболов во слатководни води |
| | ***03.2*** | | ***Аквакултура*** |
| | | 03.21 | Морска аквакултура |
| | | 03.22 | Слатководна аквакултура |
| В/Б | | | **РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН** |
| | 05 | | **Вадење на јаглен и лигнит** |
| | ***05.1*** | | ***Вадење на камен јаглен*** |
| | | 05.10 | Вадење на камен јаглен |
| | ***05.2*** | | ***Вадење на лигнит*** |
| | | 05.20 | Вадење на лигнит |
| | 06 | | **Вадење на сурова нафта и природен гас** |
| | ***06.1*** | | ***Вадење на сурова нафта*** |
| | | 06.10 | Вадење на сурова нафта |
| | ***06.2*** | | ***Вадење на природен гас*** |
| | | 06.20 | Вадење на природен гас |
| | 07 | | **Вадење на руди на метал** |
| | ***07.1*** | | ***Вадење на руди на железо*** |
| | | 07.10 | Вадење на руди на железо |
| | ***07.2*** | | ***Вадење на руди на обоени метали*** |
| | | 07.21 | Вадење на руди на уран и ториум |
| | | 07.29 | Вадење на други руди на обоени метали |
| | 08 | | **Вадење на други руди и камен** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ***08.1*** | | ***Вадење на камен, песок и глина*** |
| | | 08.11 | Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци |
| | | 08.12 | Вадење на чакал и песок; глина и каолин |
| | ***08.9*** | | ***Рударство и вадење на други руди и камен, неспоменати на друго место*** |
| | | 08.91 | Вадење на хемиски минерали и минерални ѓубрива |
| | | 08.92 | Вадење на тресет |
| | | 08.93 | Вадење на сол |
| | | 08.99 | Останато рударство и вадење на камен, неспомнато на друго место |
| **09** | | | **Помошни услужни дејности во рударството** |
| | ***09.1*** | | ***Помошни дејности за вадење на сурова нафта и природен гас*** |
| | | 09.10 | Помошни дејности за вадење на сурова нафта и природен гас |
| | ***09.9*** | | ***Помошни дејности за останатото вадење на руда*** |
| | | 09.90 | Помошни дејности за останатото вадење на руда |
| **C/B** | | | **ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА** |
| **10** | | | **Производство на прехранбени производи** |
| | ***10.1*** | | ***Преработка и конзервирање на месо и производство на производи од месо*** |
| | | 10.11 | Преработка и конзервирање на месо |
| | | 10.12 | Преработка и конзервирање на живинско месо |
| | | 10.13 | Производство на животинско и живинско месо |
| | ***10.2*** | | ***Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари*** |
| | | 10.20 | Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари |
| | ***10.3*** | | ***Преработка и конзервирање на овошје и зеленчук*** |

10.31 Преработка и конзервирање на компири

10.32 Производство на сокови од овошје и зеленчук

10.39 Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук

***10.4 Производство на растителни и животински масла и масти***

10.41 Производство на масла и масти

10.42 Производство на маргарин и слични масти за јадење

***10.5 Производство на млечни производи***

10.51 Преработка на млеко и производство на сирења

10.52 Производство на сладолед

***10.6 Производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб***

10.61 Производство на мелнички производи

10.62 Производство на скроб и производи од скроб

***10.7 Производство на пекарски производи и тестенини***

10.71 Производство на леб; слатки (колачи,торти) во свежа состојба и бисквити (кекси)

10.72 Производство на двопек и бисквити; производство на конзервирани слатки и печива

10.73 Производство на макарони, њоки, кускус и слични тестенини

***10.8 Производство на други прехранбени производи***

10.81 Производство на шеќер

10.82 Производство на какао, чоколади и кондиторски производи

10.83 Преработка на чај и кафе

10.84 Производство на зачини и други додатоци

10.85 Производство на готови јадења и оброци

10.86 Производство на хомогенизирани прехранбени препарати и диететска храна

10.89 Производство на останати прехранбени производи, неспоменати на друго место

***10.9 Производство на готова храна за животни***

10.91 Производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни)

10.92 Производство на готова храна за домашни миленици

**11 Производство на пијалаци**

***11.0 Производство на пијалаци***

11.01 Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалаци

11.02 Производство на вино од грозје

11.03 Производство на јаболковина и вина од друго овошје

11.04 Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци

11.05 Производство на пиво

11.06 Производство на слад

11.07 Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода

**12 Производство на тутунски производи**

***12.0 Производство на тутунски производи***

12.00 Производство на тутунски производи

**13 Производство на текстил**

***13.1 Подготовка и предење на текстилни влакна***

13.10 Подготовка и предење на текстилни влакна

***13.2 Ткаење на текстил***

13.20 Ткаење на текстил

***13.3 Довршување на текстил***

13.30 Довршување на текстил

***13.9 Производство на останати текстили***

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 13.91 | Производство на плетени и хеклани ткаенини |
| | | 13.92 | Производство на готови текстилни производи, освен облека |
| | | 13.93 | Производство на теписи и ќилими (подни прекривки) |
| | | 13.94 | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи |
| | | 13.95 | Производство на неткаен текстил и предмети од неткаен текстил, освен облека |
| | | 13.96 | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| | | 13.99 | Производство на останати текстили, неспомнато на друго место |
| **14** | | | **Производство на облека** |
| | ***14.1*** | | ***Производство на облека, освен облека од крзно*** |
| | | 14.11 | Производство на кожна облека |
| | | 14.12 | Производство на работна облека |
| | | 14.13 | Производство на друга горна облека |
| | | 14.14 | Производство на долна облека |
| | | 14.19 | Производство на други предмети и прибори за облека |
| | ***14.2*** | | ***Производство на предмети од крзно*** |
| | | 14.20 | Производство на предмети од крзно |
| | ***14.3*** | | ***Производство на плетена и хеклана облека*** |
| | | 14.31 | Производство на плетени и хеклани чорапи |
| | | 14.39 | Производство на друга плетена и хеклана облека |
| **15** | | | **Производство на кожа и слични производи од кожа** |
| | ***15.1*** | | ***Штавење и доработка на кожа; производство на куфери, рачни торби, седла и сарачки производи; доработка и боење на крзно*** |
| | | 15.11 | Штавење и доработка на кожа; доработка и боење на крзно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 15.12 | Производство на куфери, рачни торби и слични предмети, седла и сарачки производи |
| | ***15.2*** | | ***Производство на обувки*** |
| | | 15.20 | Производство на обувки |
| **16** | | | **Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал** |
| | ***16.1*** | | ***Пилење и стружење на дрво*** |
| | | 16.10 | Пилење и стружење на дрво |
| | ***16.2*** | | ***Производство на производи од дрво, плута, слама и плетарски материјал*** |
| | | 16.21 | Производство на фурнир и други плочи од дрво |
| | | 16.22 | Производство на паркет |
| | | 16.23 | Производство на друга градежна столарија и подови |
| | | 16.24 | Производство на дрвена амбалажа |
| | | 16.29 | Производство на останати производи од дрво; производство на предмети од плута, слама и плетарски материјал |
| **17** | | | **Производство на хартија и производи од хартија** |
| | ***17.1*** | | ***Производство на целулоза (пулпа), хартија и картон*** |
| | | 17.11 | Производство на целулоза (пулпа) |
| | | 17.12 | Производство на хартија и картон |
| | ***17.2*** | | ***Производство на предмети од хартија и картон*** |
| | | 17.21 | Производство на брановидна хартија и картон и на амбалажа од хартија и картон |
| | | 17.22 | Производство на предмети за санитарни и тоалетни потреби за домаќинствата |
| | | 17.23 | Производство на канцелариски материјал од хартија |
| | | 17.24 | Производство на ѕидни тапети |
| | | 17.29 | Производство на други предмети од хартија и картон |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18** | | | **Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи)** |
| | ***18.1*** | | ***Печатење и услужни дејности во врска со печатење*** |
| | | 18.11 | Печатење на весници |
| | | 18.12 | Друго печатење |
| | | 18.13 | Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето |
| | | 18.14 | Книговезни и сродни услуги |
| | ***18.2*** | | ***Репродукција на снимени медиуми*** |
| | | 18.20 | Репродукција на снимени медиуми |
| **19** | | | **Производство на кокс и рафинирани нафтени производи** |
| | ***19.1*** | | ***Производство на производи од печка за коксирање*** |
| | | 19.10 | Производство на производи од печка за коксирање |
| | ***19.2*** | | ***Производство на рафинирани нафтени производи*** |
| | | 19.20 | Производство на рафинирани нафтени производи |
| **20** | | | **Производство на хемикалии и хемиски производи** |
| | ***20.1*** | | ***Производство на основни хемикалии, ѓубрива и азотни соединенија, пластика и синтетички каучук во примарни облици*** |
| | | 20.11 | Производство на индустриски гас |
| | | 20.12 | Производство на бои и пигменти |
| | | 20.13 | Производство на други основни неоргански хемикалии |
| | | 20.14 | Производство на други основни органски хемикалии |
| | | 20.15 | Производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија |
| | 86.22 | Дејности на специјалистичка медицинска пракса |
| | 86.23 | Дејности на стоматолошка пракса |
| ***86.9*** | | ***Други дејности за здавствена заштита*** |
| | 86.90 | Други дејности за здравствена заштита |
| **87** | | **Дејности на социјалната заштита со сместување** |
| ***87.1*** | | ***Дејности на социјалната заштита со сместување и нега*** |
| | 87.10 | Дејности на социјалната заштита со сместување и нега |
| ***87.2*** | | ***Дејности на социјалната заштита и сместување на лица со интелектуална и/или телесна попреченост, душевно болни и лица зависници од алкохол, дрога и други опојни средства*** |
| | 87.20 | Дејности на социјалната заштита и сместување на лица со интелектуална и/или телесна попреченост, душевно болни и лица зависници од алкохол, дрога и други опојни средства |
| ***87.3*** | | ***Дејности на социјалната заштита со сместување на стари и изнемоштени лица*** |
| | 87.30 | Дејности на социјалната заштита со сместување на стари и изнемоштени лица |
| ***87.9*** | | ***Останати дејности на социјалната заштита со сместување, неспомнати на друго место*** |
| | 87.90 | Останати дејности на социјалната заштита со сместување, неспомнати на друго место |
| **88** | | **Дејности на социјалната заштита без сместување** |
| ***88.1*** | | ***Дејности на социјалната заштита без сместување на стари и изнемоштени лица*** |
| | 88.10 | Дејности на социјалната заштита без сместување на стари и изнемоштени лица |
| ***88.9*** | | ***Останати дејности на социјалната заштита без сместување*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 88.91 | Дејности на дневна социјална заштита на деца |
| | | 88.99 | Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место |
| **R/Њ** | | | **УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА** |
| **90** | | | **Креативни, уметнички и забавни дејности** |
| | ***90.0*** | | ***Креативни, уметнички и забавни дејности*** |
| | | 90.01 | Изведувачка уметност |
| | | 90.02 | Помошни дејности во изведувачката уметност |
| | | 90.03 | Уметничко творештво |
| | | 90.04 | Дејности на објектите за културни манифестации |
| **91** | | | **Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности** |
| | ***91.0*** | | ***Библиотеки, архиви, музеи и останати културни дејности*** |
| | | 91.01 | Дејности на библиотеките и архивите |
| | | 91.02 | Дејности на музеите |
| | | 91.03 | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители |
| | | 91.04 | Дејности на ботанички и зоолошки градини и природни резервати |
| **92** | | | **Дејности на коцкање и обложување** |
| | ***92.0*** | | ***Дејности на коцкање обложување*** |
| | | 92.00 | Дејности на коцкање и обложување |
| **93** | | | **Спортски, забавни и рекреативни дејности** |
| | ***93.1*** | | ***Спортски дејности*** |
| | | 93.11 | Работа на спортските објекти |
| | | 93.12 | Дејности на спортските клубови |
| | | 93.13 | Објекти за фитнес |
| | | 93.19 | Останати спортски дејности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 93.2 | | ***Забавни и рекреативни дејности*** |
| | | 93.21 | Дејности на забавни и тематски паркови |
| | | 93.29 | Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место |
| S/O | | | **ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ** |
| 94 | | | **Дејности на организации врз база на зачленување** |
| | 94.1 | | ***Дејности на деловни организации, организации на работодавци и струковни организации врз база на зачленување*** |
| | | 94.11 | Дејности на деловни организации и организации на работодавци врз база на зачленување |
| | | 94.12 | Дејности на струковни организации врз база на зачленување |
| | 94.2 | | ***Дејности на синдикатите*** |
| | | 94.20 | Дејности на синдикатите |
| | 94.9 | | ***Дејности на други организации врз база на зачленување*** |
| | | 94.91 | Дејности на верски организации |
| | | 94.92 | Дејности на политички организации |
| | | 94.99 | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место |
| 95 | | | **Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства** |
| | 95.1 | | ***Поправка на компјутери и опрема за комуникации*** |
| | | 95.11 | Поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема |
| | | 95.12 | Поправка на опрема за комуникации |
| | 95.2 | | ***Поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата*** |
| | | 95.21 | Поправка на електронски уреди за широка потрошувачка |

95.22 Поправка на апарати за домаќинства како и опрема за домови и градини

95.23 Поправка на обувки и производи од кожа

95.24 Поправка на мебел и покуќнина

95.25 Поправка на рачни часовници, саати и накит

95.29 Поправка на други предмети за лична употреба и за домаќинствата

**96 Други лични услужни дејности**

***96.0 Други лични услужни дејности***

96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени производи

96.02 Фризерски салони и салони за разубавување

96.03 Погребни и слични дејности

96.04 Дејности за нега и одржување на телото

96.09 Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место

**Т/П ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ**

**97 Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал)**

***97.0 Дејностии на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал)***

97.00 Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал)

**98 Дејности на приватните домаќинаства кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби**

***98.1 Дејности на приватните домаќинаства кои произведуваат разновидна стока за сопствени потреби***

98.10 Дејности на приватните домаќинаства кои произведуваат разновидна стока за сопствени потреби

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **98.2** | ***Дејности на приватните домаќинаства кои вршат различни услуги за сопствени потреби*** |
| | | 98.20 | Дејности на приватните домаќинства кои вршат различни услуги за сопствени потреби |
| **U/P** | | | **ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА** |
| | **99** | | **Дејности на екстратериторијалните организации и тела** |
| | | **99.0** | ***Дејности на екстратериторијални организации и тела*** |
| | | 99.00 | Дејности на екстратериторијални организации и тела |

**3031.**

Врз основа на член 11, точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03,49/06 и 22/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ГЛАВНИ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на цените на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје бр. 02-2347/1 од 24.10.2008 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата, одржана на 24.10.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5522/1 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3032.**

Врз основа на член 16, став 2 и 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – Скопје му престанува користењето на недвижната ствар – објект на ЈУ „Детски културен центар Карпош“ – Скопје, со површина од 937 м2 – евидентирана во Имотен лист бр. 9314 кој што се наоѓа на Катастарска парцела бр. 9707 во Катастарска општина Центар 1, на адреса бул. „Илинден“ – Скопје, имот во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење за време од 10 години, без надоместок на градот Скопје, за потребите на локалната установа ЈУ „Детски културен центар Карпош“ – Скопје.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – Скопје и градот Скопје, во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5549/1 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3033.**

Врз основа на член 16, став 2 и 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА КРАТОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Домот на културата „Лазар Софијанов“ – Кратово му престанува користењето на недвижната ствар – објектот кој заедно го користат Домот за култура и Музејот во Кратово, со површина 430 м$^2$, евидентирана во Имотен лист бр. 1505 којшто се наоѓа на катастарска парцела бр. 585 во катастарска општина Кратово, на адреса: ул. „Св.Ѓорѓи Кратовски“ – Кратово, имотот во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење за време од 10 години, без надоместок, на општина Кратово, за потребите на локалните установи Домот на културата „Лазар Софијанов“ – Кратово и Музејот на Град Кратово - Кратово.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу Домот на културата „Лазар Софијанов“ – Кратово и општина Кратово, во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5550/1 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски**, с.р.

**3034.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижните ствари - земјиште во површина од 9.487 м$^2$ и објектот на „Стара Касарна“ во површина од 582 м$^2$ во Кочани, лоциран на К.П. бр. 11594 за КО Кочани, евидентиран во Имотен лист бр. 1 на Државниот завод за геодетски работи - Одделение за премер и катастар Кочани.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење на Министерството за образование и наука.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Министерството за образование и наука во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5571/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3035.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ ДВИЖНА СТВАР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука од досегашниот корисник Секретаријатот за законодавство се дава на трајно користење на Службата за општи и заеднички работи движна ствар-патничко моторно возило марка VOLKSWAGEN тип GOLF, бела боја, регистарска ознака SK-115-LA, број на шасија W V W 22219 ZJW 4092 90, број на мотор MH 687643, година на производство 1988, сила на моторот 55 кв, работна зафатнина на моторот 1600 $см^3$ и места за седење 5.

Член 2

Секретарот на Секретаријатот за законодавство склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5632/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3036.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за образование и наука му престанува користењето на недвижната ствар – работни простории на ул. „50-та Дивизија“ во рамките на Клиничкиот центар Скопје во површина од 1219 $м^2$ евидентиран во Имотен лист бр. 352 што се наоѓа на К.П.бр.435, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од членот 1 на оваа одлука се дава на користење на Министерството за здравство.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу Министерството за образование и наука и Министерството за здравство.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5634/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**3037.**

Врз основа на член 37 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05, 40/07 и 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВАЛАНДОВО**

Член 1

Со оваа одлука организационата единица – подружница Валандово на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, се основа како посебна Јавна установа Центар за социјална работа Валандово, со надлежност за подрачјето на општина Валандово.

Член 2

Називот на јавната установа е ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

Седиштето на ЈУ Центар за социјална работа Валандово е во Валандово.

Член 3

Дејноста на ЈУ Центар за социјална работа Валандово е реализирање на социјалната заштита, семејно-правната заштита, постапување по кривично-правни прописи и вршење на јавни овластувања, утврдени со закон.

Член 4

За вршител на должноста директор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово се именува Елка Калева, вработена како социјален работник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија.

Член 5

ЈУ Центар за социјална работа Валандово ќе отпочне да ја врши дејноста од член 3 на оваа одлука, почнувајќи од 1 декември 2008 година.

Член 6

За извршување на подготовките за почеток со работа на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, се формира Комисија во состав:

1. Стана Петрова, правник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија;
2. Ангелка Шуклева, социјален работник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија;
3. Васка Илиева, книговодител во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија.

Член 7

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, организационата единица-подружница Валандово на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија продолжува да работи како ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

Член 8

Вработените, средствата, просторот, опремата и документацијата од организационата единица-подружница Валандово на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија ги презема ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

Член 9

Формирањето на Управниот одбор, донесувањето на статутот и именувањето директор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово ќе се изврши во рок од еден месец од денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Уписот во Централниот регистар на Република Македонија ќе се изврши во рок од десет дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5677/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3038.**

Врз основа на член 37 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05, 40/07 и 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ДЕМИР ХИСАР**

Член 1

Со оваа одлука организационата единица Демир Хисар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, се основа како посебна Јавна установа Центар за социјална работа Демир Хисар, со надлежност за подрачјето на општина Демир Хисар.

Член 2

Називот на Јавната установа е ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар.

Седиштето на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар е во Демир Хисар.

Член 3

Дејноста на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар е реализирање на социјалната заштита, семејно - правната заштита, постапување по кривично - правни прописи и вршење на јавни овластувања, утврдени со закон.

Член 4

За вршител на должноста директор на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар се именува Трајче Апостоловски, вработен како економист во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.

Член 5

ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, ќе започне да ја врши дејноста од член 3 на оваа одлука, почнувајќи од 1 декември 2008 година.

Член 6

За извршување на подготовките за почеток со работа на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, се формира Комисија во состав:

1. Соња Гроздановска, сметководител во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.
2. Димче Митревски, правник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.
3. Гоце Страчковски, правник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, организационата единица Демир Хисар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола продолжува да работи како ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар 1.

Член 8

Вработените, средствата, просторот, опремата и документацијата од организационата единица Демир Хисар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола ги презема ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар.

Член 9

Формирањето на Управниот одбор, донесувањето на статутот и именувањето на директорот на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар ќе се изврши во рок од еден месец од денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Уписот во Централниот регистар на Република Македонија ќе се изврши во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5679/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3039.**

Врз основа на член 37 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05, 40/07 и 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КРАТОВО**

Член 1

Со оваа одлука организационата единица Кратово на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип, се основа како посебна Јавна установа Центар за социјална работа Кратово, со надлежност за подрачјето на општина Кратово.

Член 2

Називот на јавната установа е ЈУ Центар за социјална работа Кратово.

Седиштето на ЈУ Центар за социјална работа Кратово е во Кратово.

Член 3

Дејноста на ЈУ Центар за социјална работа Кратово е реализирање на социјалната заштита, семејно-правната заштита, постапување по кривично-правни прописи и вршење на јавни овластувања, утврдени со закон.

Член 4

За вршител на должноста директор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово се именува Кате Стефановска, вработена како социјален работник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип.

Член 5

ЈУ Центар за социјална работа Кратово, ќе отпочне да ја врши дејноста од член 3 на оваа одлука, почнувајќи од 1 декември 2008 година.

Член 6

За извршување на подготовките за почеток со работа на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, се формира Комисија во состав:

1. Гоце Колев, правник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип.
2. Рада Бојковска, сметководител во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип.
3. Лиле Мишевска, социјален работник во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип.

Член 7

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, организационата единица Кратово на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип продолжува да работи како ЈУ Центар за социјална работа Кратово.

Член 8

Вработените, средствата, просторот, опремата и документацијата од организационата единица Кратово на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип ги презема ЈУ Центар за социјална работа Кратово.

Член 9

Формирањето на Управниот одбор, донесувањето на статутот и именувањето директор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово ќе се изврши во рок од еден месец од денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Уписот во Централниот регистар на Република Македонија ќе се изврши во рок од десет дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5680/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3040.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05, 111/05, 40/07 и 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ МРЕЖА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува мрежата на јавните установи за социјална заштита.

Член 2

Како јавни установи за социјална заштита, основани од Владата на Република Македонија, продолжуваат да работат:

1. ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје;
2. ЈУ Специјален завод - Демир Капија;
3, ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ - Скопје;
4. ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола;
5. ЈУ Детски дом „11 Октомври“ - Скопје;
6. ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми - Скопје;
7. ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје;
8. ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, Струмица;
9. ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил и
10. ЈУ Геронтолошки центар „13 Ноември“ Оддел „Мајка Тереза“ - Скопје.

Член 3

Како јавни установи за стари лица, основани од општината, продолжуваат да работат:

1. ЈУ Дом за стари лица „Киро Крстевски Платник“ - Прилеп;
2. ЈУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ - Битола; и
3. ЈУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ - Куманово.

Член 4

Заради вршење на работи од социјална заштита, како јавни установи за социјална заштита основани од Владата на Република Македонија, продолжуваат да работат следните јавни установи за социјална заштита - центри за социјална работа:

1. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, со надлежност за подрачјето на општините: Берово и Пехчево;
2. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, со надлежност за подрачјето на општините: Битола, Могила и Новаци;
3. ЈУ Центар за социјална работа Валандово, со надлежност за подрачјето на општината Валандово;
4. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, со надлежност за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка;
5. ЈУ Центар за социјална работа Виница, со надлежност за подрачјето на општината Виница;
6. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, со надлежност за подрачјето на општините: Гевгелија, Богданци и Дојран;
7. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, со надлежност за подрачјето на општините: Гостивар, Врапчиште и Маврово и Ростуша;
8. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Дебар, со надлежност за подрачјето на општините: Дебар и Центар Жупа;
9. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, со надлежност за подрачјето на општините: Делчево и Македонска Каменица;
10. ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, со надлежност за подрачјето на општината Демир Хисар;
11. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, со надлежност за подрачјето на општините: Кавадарци и Росоман;
12. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кичево, со надлежност за подрачјето на општините: Кичево, Другово, Вранештица, Зајас и Осломеј;
13. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, со надлежност за подрачјето на општините: Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево;
14. ЈУ Центар за социјална работа Кратово, со надлежност за подрачјето на општината Кратово;
15. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, со надлежност за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце;

16. ЈУ Центар за социјална работа Крушево, со надлежност за подрачјето на општината Крушево;

17. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, со надлежност за подрачјето на општините: Куманово, Липково и Старо Нагоричане;

18. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, со надлежност за подрачјето на општините: Македонски Брод и Пласница;

19. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, со надлежност за подрачјето на општините: Неготино и Демир Капија;

20. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид, со надлежност за подрачјето на општините: Охрид и Дебарца;

21. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, со надлежност за подрачјето на општините: Прилеп, Долнени и Кривогаштани;

22. ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, со надлежност за подрачјето на општината Пробиштип;

23. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, со надлежност за подрачјето на општините: Радовиш и Конче;

24. ЈУ Центар за социјална работа Ресен, со надлежност за подрачјето на општината Ресен;

25. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, со надлежност за подрачјето на општините: Свети Николе и Лозово;

26. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, со надлежност за подрачјето на градот Скопје и тоа за општините во град Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари и со надлежност за подрачјето на општините: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево;

27. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, со надлежност за подрачјето на општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село;

28. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струга, со надлежност за подрачјето на општините: Струга и Вевчани;

29. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, со надлежност за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце;

30. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип, со надлежност за подрачјето на општините: Штип и Карбинци.

Член 5

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување мрежа на јавни установи за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/05, 122/07 и 134/08).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5681/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**3041.**

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ФОНДАЦИЈАТА „ВЕРИТАС СПИРИТИ“

Член 1

Со оваа одлука Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижните ствари – две канцеларии број 10 и 11 во објектот бр. два на улица „Железничка“ бр. 25 во Скопје со вкупна површина од 30,80 $м^2$, лоцирани на К.П.бр.239 за КО Центар 2, евидентирани во ИЛ бр.20 на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, сопственост на Република Македонија.

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на користење без надомест за временски период од две години на Фондацијата „Веритас Спирити“, со седиште на ул. „Јан Хус“ бр. 2-а – Скопје.

Член 2

Приемот и предавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Министерството за одбрана и Фондацијата „Веритас Спирити“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5757/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**3042.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

Член 1

Со оваа одлука од досегашниот корисник Министерството за транспорт и врски се даваат на трајно користење следните движни ствари:

| | |
|---|---|
| - компјутери | 184 |
| - монитори | 184 |
| - бироа | 25 |
| - столици | 30 |
| - клима уреди | 14 |
| - конвентори | 28 |

на Министерството за информатичко општество.

Член 2

Министерството за транспорт и врски склучува договор со министерот за информатичко општество, за правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење во рок од 3 дена по влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5770/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**3043.**

Врз основа на член 34 став 2 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се основа јавна установа Центар за образование на возрасните, како јавна установа за образование на возрасните, со седиште во Скопје.

Центарот за образование на возрасните е со својство на правно лице.

Член 2

Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот) работи под назив Центар за образование на возрасните.

Седиштето на Центарот е на ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 35 во Скопје.

Член 3

Центарот ги врши следните работи:

- го развива образованието на возрасните заради усогласување на потребите со современиот технолошки и општествен развој;
- дава поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на образование на возрасните,
- го поврзува образованието на возрасните и работата на контекстот на доживотно учење;
- развива европска ориентација на образованието на возрасните;
- подготвува концепција за образованието на возрасните;
- изготвува стандарди на занимања за програмите за образование на возрасните;
- изготвува модел на јавно важечки програми за образованието на возрасните;
- врши верификација на програми за образование на возрасните;
- издава каталог на донесени програми за образование на возрасните и го објавува на официјалната интернет страница на Министерството за образование и наука;
- обезбедува поддршка на образование на возрасните преку советување, инструирање и менторира на кадарот кој ги реализира програмите за образование на возрасните;
- дава мислење за исполнетоста на условите на установите и институциите кои бараат верификација за реализирање на јавно признатите програми за образование на возрасните;
- изработува стандарди за простор и опрема на установите и институциите за образование на возрасните;
- издава каталог на верифицирани и лиценцирани установи и институции за образование на возрасните и го објавува на официјалната интернет страница во Министерството за образование и наука;
- посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учесниците во образование на возрасните;
- предлага решенија за подобрување на врските помеѓу формалното и неформалното образование;
- доставува годишен извештај до Министерството за образование и наука и Советот за образование на возрасните за реализација на годишните акциони планови од стратегијата за развој на образованието на возрасните и
- доставува годишен извештај до Министерството за образование и наука за објавени јавни конкурси за доделување на средства за реализација на програми за образование на возрасните.

Член 4

Работите од својата дејност Центарот ги врши преку сектори и одделенија утврдени со статутот.

Член 5

Средствата за работа на Центарот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за образование и наука.

Член 6

Управниот одбор во Центарот ќе се конституира во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Управниот одбор на Центарот ќе го распише јавниот оглас за избор на директор на Центарот во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање.

Член 7

Статутот на Центарот Управниот одбор ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање, согласно Законот за образование на возрасните.

Член 8

Уписот на Центарот во Централниот регистар ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-5921/1 | Претседател на Владата |
| 18 ноември 2008 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**3044.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ број 8/05 и 150/07) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.11.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА–УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ САНКЦИИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана трајно му престанува користењето на следните движни ствари – интендантски материјални средства:

- 1 парче, печењара троетажна;
- 1 парче, машина за перење алишта од 50 кгр;
- 1 парче, машина за перење алишта од 25 кгр;
- 2 парчиња електричен шпорет со 4 грејни тела;
- 3 парчиња замрзнувачи од 530 литри;
- 3 парчиња лонец од 3-5 литри;
- 1 парче лонец од 10 литри;
- 3 парчиња лонец од 41-50 литри;
- 2 парчиња тенџере од 5 литри;
- 2 парчиња тенџере од 10-15 литри;
- 1 парче тенџере од 21-30 литри;
- 3 казани со лежиште од 150 литри;
- 3 метални работни маси од росфај;

- 1 топла кујнска маса за чување храна;
- 20 трпезариски маси;
- 120 трпезариски столчиња-хоклици;
- 1491 длабоки чинии ПВЦ;
- 3160 десертни чинии ПВЦ;
- 740 плоснати тркалезни чинии ПВЦ.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење на Министерството за правда – Управа за извршување на санкции.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Управата за извршување санкции, за правата и обврските на движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6068/1
23 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3045.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005, 40/2007 и 98/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ЛИЦА БАРАТЕЛИ НА ПРАВО НА АЗИЛ „ПРИФАТЕН ЦЕНТАР БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ" С. ВИЗБЕГОВО - СКОПЈЕ**

1. Слободан Илиевски се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил" с.Визбегово – Скопје.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил" с.Визбегово – Скопје се именува Мердите Салиу.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 33-1356/3
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3046.**

Врз основа на член 48 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004, 62/2005, 111/2005, 40/2007 и 98/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР–ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕДОТ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор - претставници од редот на стручните работници во Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје се именуваат:
- Весна Самојловска, психолог,
- Душанка Петрова, дипл. социјален работник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор - претставници од редот на стручните работници на Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-2373/2
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3047.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСТОПАНИСУВАЊЕ СО ХИДРОСИСТЕМОТ „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО" – СТАР ДОЈРАН**

1. Мито Манолев се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанисување со Хидросистемот „Дојранско Езеро" – Стар Дојран.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанисување со Хидросистемот „Дојранско Езеро" – Стар Дојран се именува Неат Шабаноски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-2552/2
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3048.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Васко Бојаџиев се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално -финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија се именува Кирил Пецков.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

Бр. 33-5309/2 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3049.**

Врз основа на член 164 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93, 3/94,14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија број 02-7080/1 од 20 октомври 2008 година, со која за директорот на Фондот е именуван Исни Јакупи, професор по албански јазик и книжевност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 33-5630/2 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3050.**

Врз основа на член 34 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008 и 103/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА В. Д. ДИРЕКТОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на Албанците, бр.02/103 - 3 од 3 ноември 2008 година, со која за вршител на должноста директор на Институтот е избран д- р Рамиз Абдули.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5659/3 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3051.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА**

1. Се разрешува д-р Димче Китановски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

2. За член на Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола се именува Јордан Трајков.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5997/2 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3052.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ“ - СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ – Скопје се разрешуваат:
- Васил Ѓаковски,
- Виолета Пуцовска.

2. За членови на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ – Скопје се именуваат:
- Тасим Хани,
- Фуат Ислаимовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6088/1 — Претседател на Владата
18 ноември 2008 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3053.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007) и член 11 од Одлуката за основање на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници– Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

1. Се разрешува Живко Пејовски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници – Скопје.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници-Скопје се именува Емрула Реџовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6089/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3054.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСТОПАНСТВО „ЛИСИЧЕ“ - ВЕЛЕС**

1. Се разрешува Ружица Мукоска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес се именува Ибраим Исмаилоски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6090/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3055.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“ - СКОПЈЕ**

1. Се разрешува Драган Настески од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ – Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ – Скопје се именува Диме Спасов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6091/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3056.**

Врз основа на член 89 став 2 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007 и 102/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Санте Давчев од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија се именува Душан Пекриќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6092/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3057.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА“ - ПРОБИШТИП**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип се разрешуваат:

- Борче Миланов,
- Чедо Крстев.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип се именуваат:

- Елвис Бајрами,
- Гино Стрезоски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6093/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3058.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЗАТВОР ТЕТОВО**

1. Се разрешува Марјан Николовски од должноста заменик на директорот на Затвор Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6094/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3059.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЗАТВОР ТЕТОВО**

1. За заменик на директорот на Затвор Тетово се именува Боби Николовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6095/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3060.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ - СКОПЈЕ**

1. Се разрешува Горица Тавчиоска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Скопје се именува Илија Димовски Шаторо.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6096/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3061.**

Врз основа на член 2-а од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/95, 38/2002, 66/2007 и 98/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ**

1. За директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда, се именува Марија Ангеловска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6097/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3062.**

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/ 2006 и 84/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА СТРУЧНИОТ ОРГАН НА ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК, ПЕЛИСТЕР - БИТОЛА**

1. Томислав Петров се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на стручниот орган на Јавната установа - Национален парк, Пелистер – Битола.

2. За член на Управниот одбор - претставник на стручниот орган на Јавната установа - Национален парк, Пелистер - Битола - се именува Меџит Имеровски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-6098/1
18 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3063.**

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008) и член 3 од Одлуката за образување Советодавен комитет за земјишна политика на Проектот „Катастар на недвижности и регистрација“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.86/2005 од 3 октомври 2005 година), Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 23.11.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА СОВЕТОДАВНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈИШНА ПОЛИТИКА НА ПРОЕКТОТ „КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ И РЕГИСТРАЦИЈА“**

1. За членови и нивни заменици на Советодавниот комитет за земјишна политика на Проектот „Катастар на недвижности и регистрација“ се именуваат:

а) за членови:

- Нeџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање
- Ибрахими Ибрахим, заменик на министерот за правда
- д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии
- Љупчо Георгиевски, директор на Агенцијата за катастар на недвижности
- м-р Пене Пенев, државен советник во Министерството за локална самоуправа
- Димитар Димовски, раководител на Секторот за документирање и управување со градежно земјиште во Министерството за транспорт и врски
- Васко Арсов, раководител на Секторот за земјишна политика во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Соња Јаневска, раководител на Одделението за водење на регистарот на права врз недвижности и регистар за вложувања во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти на Република Македонија, во Централниот регистар на Република Македонија.

б) за заменици на членовите:

- д-р Соња Лепиткова, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање
- Димитар Ѓеорѓиевски, директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за правда
- Георги Стојков, државен советник во Министерството за финансии
- Марта Телегравчиска, државен советник во Агенцијата за катастар на недвижности
- Насер Муареми, помлад соработник во Министерството за локална самоуправа
- Марица Тасова, помошник раководител на Секторот за документирање и управување со градежно земјиште во Министерството за транспорт и врски и
- Раде Кецман, помошник раководител на Сектор за Европска унија во Министерството за транспорт и врски
- Милан Костов, раководител на Одделение во Секторот за земјишна политика во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Андреа Поповски, асистент на раководителот на Секторот за водење на регистри во Централниот регистар на Република Македонија.

2. Со донесувањето на ова решение престанува да важи Решението за именување членови и нивни заменици на Советодавниот комитет на Проектот за катастар и регистрација на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2007 од 2 февруари 2007 година).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5954/1 Претседател на Владата
23 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3064.**

Врз основа на член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/06) и член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ПРИМАРНОТО ТУТУНСКО ПРОИЗВОДСТВО ВО 2008 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансирање на активностите во примарното тутунско производство во 2008 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/08 и 53/08) во делот IV се додава нов дел V кој гласи:

„Корисници на средствата од дел IV точка 3.4. се лиценцираните проценители кои присуствувале на откуп на суров тутун од реколтата 2007 година, а биле ангажирани од страна на регистрирани здруженија на тутунопроизводители.

Финансиската поддршка по ангажиран проценител изнесува 469,70 денари во бруто износ по ангажиран ден. Обврските кои произлегуваат од остварениот приход по овој основ, проценителите ќе го подмируваат лично.

Финансиската поддршка ќе се исплаќа врз основа на списоци на проценители со број на работни денови, потврдени од тутунското претпријатие - откупувач и од здружението на тутунопроизводители кое извршило номинација на проценителот.“

II

Деловите V, VI, VII, VIII и IX стануваат VI, VII, VIII, IX и X.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6036/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3065.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.11.2008 година, одобри

## ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ПОД БР. 19-493/1 ОД 09.02.2006 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И УСЛУГИ „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. Во лиценцата под бр. 19-493/1 од 09.02.2006 година, издадена на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „Мастербет“ ДООЕЛ Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 3 бројот „19“ се заменува со бројот „20“.

2. Ова изменување на лиценца се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5589/1 Претседател на Владата
18 ноември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**3066.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.11.2008 година, одобри

## ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ПОД БР.19-157/1 ОД 26.01.2006 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И УСЛУГИ „МАСТЕРБЕТ“ ДОО СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. Во Лиценцата под бр.19-157/1 од 26.01.2006 година, издадена на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „Мастербет“ ДОО Скопје, за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 3 бројот „19“ се заменува со бројот „20“.

2. Ова изменување на лиценца се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6000/1
23 ноември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3067.**

Врз основа на член 72 став (3) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/2005 и 4/2008), министерот за финансии, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА И КОДЕКСОТ НА ШИФРИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/05), во Прилог 2 Кодекс на шифри за пополнување на ЕЦД, во рубрика 29 (Излезен/ влезенÁrmaрински орган), во табеларниот дел во точка I, имињата на царинските органи и шифрите:

„

| | |
|---|---|
| Царинска испостава КОНСИГНАЦИЈА И САЕМ СКОПЈЕ | 1017 |
| Царинска испостава МИЛАДИНОВЦИ | 1060 |
| Царинска испостава СТЕНКОВЕЦ | 1070 |
| Царинска испостава БЛАЦЕ | 1071 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ТРУБАРЕВО | 1030 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ВОЛКОВО | 1040 |

”

, се бришат.

По името на царинскиот орган и шифрата „Царинската испостава Јажинце 1091„ се додаваат пет нови имиња на царинските органи и шифрите и тоа:

„

| | |
|---|---|
| Царинска испостава СЛОБОДНА ЗОНА СКОПЈЕ | 1020 |
| Царинска испостава БЛАЦЕ - Отсек стоково царинење | 1075 |
| Царинска испостава БЛАЦЕ - Отсек за патнички промет | 1071 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ТРУБАРЕВО - Отсек за стоково царинење | 1030 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ТРУБАРЕВО - Отсек за патнички промет | 1031 |

”

Во точка III, имињата на царинските органи и шифрите:

„

| | |
|---|---|
| Царинска испостава КОЧАНИ | 3020 |
| Царинска испостава БЕРОВО - Отсек за стоково царинење | 3040 |
| Царинска испостава БЕРОВО - Отсек за патнички промет | 3041 |

”

, се бришат.

Во точката IV, имињата на царинските органи и шифрите:

„

| | |
|---|---|
| Царинска испостава БОГОРОДИЦА | 4010 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ГЕВГЕЛИЈА - Отсек за за стоково царинење | 4020 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ГЕВГЕЛИЈА - Отсек за патнички промет | 4021 |
| Царинска испостава КАВАДАРЦИ - Реферат за слободна зона ФЕНИ КАВАДАРЦИ | 4045 |
| Царинска испостава НОВО СЕЛО | 4061 |

”

, се бришат.

По името на царинскиот орган и шифрата „Царинска испостава НОВО СЕЛО 4061„ се додаваат шест нови имиња на царински органи и шифри и тоа:

„

| | |
|---|---|
| Царинска испостава БОГОРОДИЦА- Отсек за патнички промет | 4010 |
| Царинска испостава БОГОРОДИЦА - Отсек за стоково царинење | 4015 |
| Царинска испостава ГЕВГЕЛИЈА | 4020 |
| Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ГЕВГЕЛИЈА | 4021 |
| Царинска испостава НОВО СЕЛО - Отсек за патнички промет | 4061 |
| Царинска испостава НОВО СЕЛО - Отсек за стоково царинење | 4060 |

”

Во точка V. царинскиот орган и шифрата „ ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА МЕЏИТЛИЈА 5021„ се заменуваат со имињата на царинските органи и шифри:

„

| | |
|---|---|
| Царинска испостава МЕЏИТЛИЈА Отсек за стоково царинење | 5020 |
| Царинска испостава МЕЏИТЛИЈА Отсек за за патнички промет | 5021 |

”

Член 2

Во Рубрика 44 - Дополнителни информации, приложени документи, потврди и одобренија, во точката 2 -Приложени документи, потврди и одобренија, во листата на шифри со ознака “P” (потврди/ уверенија за потекло и други потврди/ уверенија/ согласности/ дозволи/решенија /одобренија), во табеларниот дел се бришат, следниве шифри, опис на шифри и податоците кој се запишуваат:

„

| Шифра | Опис на шифрата | Податок кој се запишува |
|---|---|---|
| P24 | Потврда за хомологација за увоз на моторни возила | бр./ГГГГ |
| P25 | Сертификат за сообразност од надлежен орган | бр./ГГГГ |
| P27 | Одобрение за превоз на Вооружување (воена опрема, стопански експлозив, ловечко и спортско оружје и нивна муниција, хемиско оружје) од Министерство за внатрешни работи | бр./ГГГГ |
| P28 | Одобрение за превоз на радиоактивни материи од Дирекција за радијациона сигурност | бр./ГГГГ |
| P29 | Одобрение за превоз за опасен отпад, супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, загрозени диви животни и растителни видови од Министерство за животна средина и просторно планирање | бр./ГГГГ |
| P30 | Одобрение за превоз на Отрови од Министерство за здравство | бр./ГГГГ |
| P31 | Одобрение за превоз на Прекурсори од Министерство за здравство | бр./ГГГГ |
| P32 | Одобрение за превоз на Опојни droги и психотропни супстанции од Министерство за здравство | бр./ГГГГ |
| P34 | Потврда за извршен задолжителен преглед од Ветеринарен инспекторат | бр./ГГГГ |
| P36 | Извоз врз основа на одобрение/дозвола од Министерство за здравство | бр./ГГГГ |
| P37 | Извоз врз основа на одобрение/дозвола од Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство | бр./ГГГГ |
| P38 | Увоз врз основа на одобрение/дозвола од Министерство за здравство | бр./ГГГГ |
| P39 | Увоз врз основа на одобрение/дозвола од Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство | бр./ГГГГ |
| P40 | Увоз врз основа на решение за упис во регистарот на Бирото за метрологија | бр./ГГГГ |
| P41 | Увоз врз основа на потврда од Институт за стандардизација | бр./ГГГГ |
| P42 | Извоз врз основа на дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирење | бр./ГГГГ |
| P43 | Увоз врз основа на дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирење | бр./ГГГГ |
| P44 | Извоз врз основа на дозвола од Народна Банка | бр./ГГГГ |
| P45 | Увоз врз основа на дозвола од Народна Банка | бр./ГГГГ |
| P46 | Извоз врз основа на дозвола од Министерство за внатрешни работи | бр./ГГГГ |
| P48 | Извоз врз основа на согласност/дозвола од Министерство за економија | бр./ГГГГ |
| P49 | Увоз врз основа на согласност или дозвола од Министерство за економија | бр./ГГГГ |
| P50 | Извоз врз основа на дозвола од Министерство за култура | бр./ГГГГ |
| P51 | Увоз врз основа на дозвола од Министерство за култура | бр./ГГГГ |
| P53 | Одобрение за привремено изнесување на заштитени добра од Управата за заштита на културно наследство | бр./ГГГГ |
| P54 | Одобрение за извоз на заштитени добра од Управата за заштита на културно наследство | бр./ГГГГ |
| P55 | Уверение за извоз во странство на незаштитени добра од Управата за заштита на културно наследство | бр./ГГГГ |
| P56 | Уверение за привремено изнесување во странство на незаштитени добра од Управата за заштита на културно наследство | бр./ГГГГ |
| P58 | Потврда/согласност за царинење од Државен инспекторат за земјоделство | бр./ГГГГ |
| P59 | Потврда/согласност за царинење од Управата за ветеринарство | бр./ГГГГ |
| P60 | Согласност за царинење од Државен санитарен и здравствен инспекторат | бр./ГГГГ |
| P61 | Согласност за царинење од Дирекција за храна | бр./ГГГГ |
| P62 | Решение за согласност за царинење од Државен ветеринарен инспектор | бр./ГГГГ |
| | | “ |

По шифрата, опис на шифрата и податокот кој се запишува „P62 Решение за согласност за царинење од Државен ветеринарен инспектор бр./ГГГГ„ , се додаваат шифрите, описи на шифрите и податоците кои се запишуваат со забелешка и тоа:

„

| Шифра | Опис на шифрата | Податок кој се запишува |
|---|---|---|
| PE 001 | Одобрение за извоз на семе и саден материјал | Реф.бр. |
| PE 002 | Одобрение за извоз на ореови, цреши и костенови трупци | Реф.бр. |
| PE 004 | Решение за дозвола извоз Д8 | Реф.бр. |
| PE 005 | Дозвола за извоз на прекурзори | Реф.бр. |
| PE 012 | Дозвола за изнесување и извоз на културни добра | Реф.бр. |
| PE 016 | Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | Реф.бр. |
| PE 017 | Одобрение за извоз на трупци, огревно дрво и други производи од дрво | Реф.бр. |
| PE 019 | Дозвола за извоз на разни производи на хемиската индустрија и пероксоли на неоргански киселини и метали и сл. | Реф.бр. |

| | | |
|---|---|---|
| PE 021 | Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при извоз | Реф.бр. |
| PE 022 | Одобрение за превоз на оружје и муниција при извоз | Реф.бр. |
| PE 024 | Одобрение за превоз на експлозивни материи при извоз | Реф.бр. |
| PE 036 | Дозвола за вршење на дејност со извори за јонизирачко зрачење во постапка на извоз | Реф.бр. |
| PE 037 | Овластување за вршење пренос на монетарно злато од Република Македонија | Реф.бр. |
| PE 038 | Дозвола за извоз на отпадни материи | Реф.бр. |
| PE 040 | Одобрение за извоз на лекови | Реф.бр. |
| PE 041 | Одобрение за извоз на медицински помагала | Реф.бр. |
| PE 042 | Одобрение за извоз на опасни и други видови на хемикалии | Реф.бр. |
| PE 044 | Дозвола за извоз на загрозени и заштитени диви растенија, габи и животни и нивни делови | Реф.бр. |
| PE 048 | Дозвола за извоз на руди на молибден и концетрати | Реф.бр. |
| PE 050 | Дозвола за извоз на опојни droги и психотропни супстанции | Реф.бр. |
| PI 002 | Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | Реф.бр. |
| PI 003 | Одобрение за увоз на ѓубрива | Реф.бр. |
| PI 004 | Одобрение за увоз на семе и саден материјал | Реф.бр. |
| PI 005 | Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | Реф.бр. |
| PI 006 | Одобрение за увоз на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | Реф.бр. |
| PI 007 | Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на Република Македонија | Реф.бр. |
| PI 008 | Согласност за царинење на предмети за општа употреба | Реф.бр. |
| PI 010 | Дозвола за увоз на прекурсори | Реф.бр. |
| PI 012 | Решение за дозвола увоз Д8 | Реф.бр. |
| PI 013 | Потврда за идентификација на единечно возило | Реф.бр. |
| PI 014 | Одобрение за тип на возило | Реф.бр. |
| PI 015 | Потврда за сообразеност на единечно прегледано возило | Реф.бр. |
| PI 016 | Решение за упис/одбивање во регистар на Биро за метрологија при увоз | Реф.бр. |
| PI 019 | Дозвола за увоз на разни производи на хемиската индустрија | Реф.бр. |
| PI 020 | Дозвола за увоз на употребувани гуми | Реф.бр. |
| PI 024 | Одобрение за увоз на мрежи за стопански риболов | Реф.бр. |
| PI 025 | Дозвола за увоз на нова техничка стока која содржи разладни средства | Реф.бр. |
| PI 026 | Дозвола за увоз на употребувана техничка стока која содржи разладни средства | Реф.бр. |
| PI 031 | Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | Реф.бр. |
| PI 032 | Одобрение за превоз на оружје и муниција при увоз | Реф.бр. |
| PI 033 | Одобрение за набавка (трансфер) на експлозиви и експлозивни материи при увоз | Реф.бр. |
| PI 034 | Одобрение за превоз на експлозивни материи при увоз | Реф.бр. |
| PI 036 | Дозвола за вршење на дејност со извори за јонизирачко зрачење во постапка на увоз | Реф.бр. |
| PI 037 | Овластување за вршење пренос на монетарно злато во Република Македонија | Реф.бр. |
| PI 038 | Дозвола за увоз на отпадни материи | Реф.бр. |
| PI 040 | Одобрение за увоз на лекови | Реф.бр. |
| PI 041 | Одобрение за увоз на медицински помагала | Реф.бр. |
| PI 042 | Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | Реф.бр. |
| PI 043 | Дозвола за увоз на минерали на азбест | Реф.бр. |
| PI 044 | Дозвола за увоз на загрозени и заштитени диви растенија, габи и животни и нивни делови | Реф.бр. |
| PI 045 | Согласност за царинење на козметички производи | Реф.бр. |
| PI 046 | Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | Реф.бр. |
| PI 047 | Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | Реф.бр. |
| PI 048 | Дозвола за увоз на руди на молибден и концетрати | Реф.бр. |
| PI 050 | Дозвола за увоз на опојни droги и психотропни супстанции | Реф.бр. |
| PT 001 | Дозвола за вршење на дејност со извори за јонизирачко зрачење во постапка на транзит | Реф.бр. |
| PT 002 | Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при транзит | Реф.бр. |
| PT 003 | Одобрение за превоз на оружје и муниција при транзит | Реф.бр. |
| PT 005 | Одобрение за превоз на експлозивни материи при транзит | Реф.бр. |
| PT 010 | Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | Реф.бр. |
| PT 038 | Дозвола за транзит на отпадни материи | Реф.бр. |
| PN 100 | Дозвола CITES | Реф.бр. |
| PN 101 | Дозвола за увоз на опасни отпадни материи (Базелска конвенција) | Реф.бр. |
| PN 640 | Ветеринарен влезен документ за живи животни | Реф.бр. |
| PN 851 | Документ за здравствена безбедност при движење на растенијата | Реф.бр. |
| PN 853 | Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | Реф.бр. |

Забелешка:

Во рубрика 44 од ЕЦД се запишва бројот (нумеричкиот дел) од шифрата, додека буквите ја означува царинската постапка за која е наменета шифрата. Буквите PI се однесува за увозна постапка, буквите PE се однесува за извозна постапка, буквите PT се однесува за транзитна постапка и буквите PN се однесуваат за сите постапки.

Во колона „Податок кој се запишува“ долунаведените симболи го имаат следното значење:

бр./ ГГГГ: број на:

потврдите/ уверенијата/ согласностите/ дозволите/ решенијата/ одобренијата/ година.

Реф.бр:референтен број на

потврдите/уверенијата/согласностите/дозволите/решенијата/ одобренијата, издаден од надлежна институција, каде за првите четири места се користи шифра на потврдите/уверенијата/ согласностите/ дозволите/ решенијата/ одобренијата, од петтото до дванаесеттото место е ГГГГ/ мм/ дд и тринаесеттото до осумнаесеттото место е за еднозначен реден број на потврдите/ уверенијата/согласностите/дозволите/решенијата/одобренијата.

”

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.25-43806 /1
17 ноември 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**3068.**

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2007), министерот за здравство во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за внатрешни работи, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА НИВОТО НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат граничните вредности за нивото на бучава во животната средина.

Член 2

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори пропишани со овој правилник не треба да бидат надминати во подрачјата диференцирани според степенот на заштита од бучава определени со Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/08).

Член 3

Според степенот на заштита од бучавата граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од:

| Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава | ниво на бучава изразена во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

Член 4

Граничните вредности за нивото на основните индикатори за бучава внатре во просториите во кои престојуваат луѓето, а особено во кои престојуваат осетливите групи на население, како и заради заштитата од несакани ефекти по здравјето, изнесуваат:

| Видови на простории | ниво на бучава изразена во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Болничка соба, единици за интензивна нега, операциони сали | 30 | 30 | 30 |
| Простории во станбени објекти, простории за одмор на деца, спални соби во домови за стари лица и пензионери, хотелски соби | 35 | 35 | 30 |
| Ординации во здравствени установи, сали за конференции, киносали, театарски и концертни сали | 40 | 40 | 35 |
| Училници, читални, амфитеатри, предавални, простории за научноистражувачка работа | 40 | 40 | 40 |
| Работни простории во административни згради, канцеларии | 50 | 50 | 50 |
| Фоаје на театри и кина, фризерски и козметички салони, ресторани, слаткарници | 55 | 55 | 55 |

Член 5

Гранична вредност за дополнителниот индикатор, LAmax, кои не треба да бидат надминати со цел да се спречат несакани ефекти по здравјето кај изложената популација изнесуваат:

| Видови на простории | ниво на бучава изразена во dBA | |
|---|---|---|
| | LAmax ден | LAmax ноќе |
| Станбена зона (надвор) | / | 60 |
| Простории во станбени објекти, простории за одмор на деца, спални соби во домови за стари лица и пензионери, хотелски соби (внатре) | / | 45 |
| Болници и други стационарни објекти за лекување | / | 45 |
| Индустриски, комерцијални, трговски и сообраќајни реони | 110 | 110 |
| Јавни собири, фестивали, концерти, дискотеки | 110 | 110 |

Член 6

Граничните вредности за нивото на бучавата во реони надвор од урбанизирани локации изнесуваат:

| Видови реони | ниво на бучава изразено во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Реони изложени на интензивен патен сообраќај | 60 | 55 | 50 |
| Реони изложени на интензивен железнички сообраќај | 65 | 60 | 55 |
| Реони изложени на авионски сообраќај | 65 | 65 | 55 |
| Реони со интензивна индустриска активност | 70 | 70 | 70 |
| Тивки реони надвор од агломерациите | 40 | 35 | 35 |

Член 7

Гранична вредност за нивото на бучава што се создава при одржување на јавни приредби, јавни собири или други јавни настани проследени со употреба на звучни и други уреди кои доведуваат до зголемување на бучавата не треба да надминува 85dBA (LAeq, T<85 dBA), а максималното ниво на бучава не треба да надминува 110 dBA (LAmax <110 dBA), без оглед на времетраењето на настанот.

Граничните вредности за нивото на основните индикатори на бучава во подрачјата од член 3 и граничните вредности за нивото на дополнитлниот индикатор на бучава од член 5 на овој правилник не треба да се надминат при јавни приредби, јавни собири, церемонии, фестивали, концерти и други јавни облици на забава со употреба на звучна опрема кои се одвиваат во затворен простор за времетраењето на настанот.

Граничната вредност за нивото на бучава при јавни обраќања, односно при употреба на звучни уреди за обраќање кон луѓето во затворени објкети или на отворено, не треба да надминува 85 dBA (LAeq<85 dBA), а максималното ниво не треба да надминува 110 dBA (LAmax <110 dBA).

Граничната вредност за нивото на бучава при изведување на огномети или употреба на огнено оружје не треба да надминува 140 dBA (SEL<140dBA).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-7378/2
12 ноември 2008 година
Скопје

Бр. 10-14393/7
27 октомври 2008 година
Скопје

Бр. 07-77362/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи**, с.р.

Министер за здравство,
д-р **Бујар Османи**, с.р.

Министер за внатрешни работи,
**Гордана Јанкулоска**, с.р.

---

## ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3069.**

Врз основа на член 28 и член 85 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Јавниот обвинител на Република Македонија на 21.11.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И НА ДРУГИ РАБОТНИЦИ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

**Раководни државни службеници**

- Генерален секретар на Јавното обвинителство на Република Македонија – 1 извршител;
- Државен советник за односи со јавност – 1 извршител;
- Раководител на правно-административен сектор – 12 извршители;
- Раководител на материјално-финансиски сектор – 1 извршител;
- Раководител на Одделение за општи работи – 12 извршители;
- Раководител на Одделение за казниви дела – виш јавнообвинителски советник – 14 извршители;
- Раководител на Одделение за буџет и финансирање – 1 извршител;
- Раководител на Одделение за сметководство – 1 извршител;
- Раководител на Одделение за внатрешна ревизија – 1 извршител;
- Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси – 1 извршител.

Член 2

**Стручни државни службеници**

- Советник – самостоен јавнообвинителски советник – 43 извршители;
- Советник (економска струка) – 7 извршители;
- Советник (внатрешен ревизор) – 1 извршител;
- Советник систем-администратор – 1 извршител;
- Советник за селекција и вработување државни службеници – 1 извршител;
- Виш соработник – јавнообвинителски советник – 18 извршители;
- Виш соработник – преведувач – 3 извршители;
- Соработник – стручен соработник – 31 извршител;
- Соработник – лектор – 1 извршител;
- Соработник – програмер – 2 извршители;
- Помлад соработник – јавнообвинителски приправник – 18 извршители;
- Помлад соработник – изготвувач и обработувач на сметководствени податоци – 1 извршител;
- Помлад соработник – изготвувач и обработувач на буџетски и финансиски податоци – 1 извршител.

Член 3

**Стручно-административни државни службеници**

- Самостоен референт – сметководител – 27 извршители;
- Самостоен референт – технички секретар на јавниот обвинител – 19 извршители;
- Самостоен референт – уписничар – 39 извршители;
- Самостоен референт – приемник експедитор – 2 извршители;
- Самостоен референт – статистичар – 2 извршители;
- Самостоен референт – ликвидатор – 1 извршител;
- Самостоен референт – благајник – 5 извршители;
- Самостоен референт – архивар – 6 извршители;
- Референт – технички секретар на јавните обвинители – 59 извршители;
- Помлад референт – доставувач – 15 извршители;
- Помлад референт за стручно административни работи – 14 извршители.

Член 4

**Вработени кои вршат административно-технички и помошни работи**

- Лице за обезбедување на вработените и имотот – 2 извршители;
- Возач – 2 извршители;
- Курир – 12 извршители;
- Хигиеничар – 16 извршители.

Член 5

Раководните државни службеници, стручните државни службеници, стручно-административните државни службеници и вработените кои вршат административно-технички и помошни работи се вработуваат и распоредуваат во Јавното обвинителство на Република Македонија, вишите јавни обвинителства, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и основните јавни обвинителства согласно Правилникот за организација и систематизација на работите и задачите во јавното обвинителство.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Јавен обвинител
на Република Македонија,
**Љупчо Шврговски,** с.р.

---

## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3070.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9, 38 став 1 и член 39 став 1 и став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на дванаесеттата седница одржана на 25.11.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

I

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за време од четири (4) години се избираат:

1. Миле Костадинов,
2. Вилма Русковска,
3. Гордана Ѓешкоска.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Претседател
на Советото на јавните обвинители
на Република Македонија,
**Елена Гошева,** с.р.

СОИ бр. 04/08
25 ноември 2008 година
Скопје

---

**3071.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9, 39 и 40 став 1 и став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на дванаесеттата седница одржана на 25.11.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

I

За Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, за време од 4 (четири) години, е избран Јован Илиевски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Претседател
на Советот на јавните обвинители
на Република Македонија,
**Елена Гошева,** с.р.

СОИ бр. 05/08
25 ноември 2008 година
Скопје

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008147